2023

ИСТРАЖУВАЊЕ ЗА МЕХАНИЗМИТЕ НА ГРАЃАНСКО УЧЕСТВО

FOUNDATION ФОНДАЦИЈА
OPEN ОТВОРЕНО
SOCIETY ОПШТЕСТВО
MACEDONIA МАКЕДОНИЈА

ФОНДАЦИЈА ЗА РАЗВОЈ НА ЛОКАЛНАТА ЗАЕДНИЦА
LOCAL COMMUNITY DEVELOPMENT FOUNDATION

Издава: Фондација за развој на локалната заедница Штип

За издавачот: Невенка Лонгурова Гирова

Подготвил: Консалтинг за стратешки развој

Автори: Кристина Хаџи-Василева, Елена Тимчева, Александар Колекески, Кристијан Панев

Лектура: Марија Иванова

Превод: Далибор Сандев (мк-алб), Ана Митева (мк-анг)

Дизајн: Андреј Бацуков

Печати: Мотив Плус

Тираж: 500 вкупно (англиски јазик – 50 бр.; албански јазик – 150 бр.; македонски јазик – 300 бр.)

*Бесплатен/Некомерцијален тираж

СОДРЖИНА

СОДРЖИНА 03

ЛИСТА НА КРАТЕНКИ 04

ИЗВРШНО РЕЗИМЕ 05

ВОВЕД 07

МАКЕДОНСКИ ПРАВЕН КОНТЕКСТ 10

ПОЛИТИЧКИ ОСВРТ И ГРАЃАНСКО УЧЕСТВО 15

ГРАЃАНСКИ ОРГАНИЗАЦИИ 19

МЕТОДОЛОГИЈА 22

РЕЗУЛТАТИ ОД АНАЛИЗАТА 24

- ВКЛУЧЕНОСТ ВО ДОНЕСУВАЊЕТО ОДЛУКИ 24
- ТЕМИ НА КОИ СЕ ФОКУСИРААТ КОНСУЛТАЦИИТЕ СО ГРАЃАНИТЕ 31
- ЗАИНТЕРЕСИРАНОСТ НА ГРАЃАНИТЕ ЗА УЧЕСТВО 35
- ПОСТОЕЧКИ АЛАТКИ ЗА УЧЕСТВО И НИВНА ЕФЕКТИВНОСТ 39
- ЕФЕКТ ОД УЧЕСТВОТО НА ГРАЃАНИТЕ ВО ПРОЦЕСИТЕ НА ДОНЕСУВАЊЕ ОДЛУКИ 44

НАУЧЕНИ ЛЕКЦИИ ОД КОВИД 19 51

КЛУЧНИ НАОДИ 52

МОЖНОСТИ ЗА ПОДОБРУВАЊЕ 56

БИБЛИОГРАФИЈА 58

ЛИСТА НА КРАТЕНКИ

БС	БИЗНИС СЕКТОР
ГО	ГРАѓАНСКА ОРГАНИЗАЦИЈА
ДУП	ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН
ЕУ	ЕВРОПСКА УНИЈА
ФГ	ФОКУС ГРУПА
ФРЛЗ	ФОНДАЦИЈА ЗА РАЗВОЈ НА ЛОКАЛНАТА ЗАЕДНИЦА
ГУП	ГЕНЕРАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН
ЛЕР	ЛОКАЛЕН ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ
ЕЛС	ЕДИНИЦА НА ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА
ЛЕСС	ЕКОНОМСКО-СОЦИЈАЛЕН СОВЕТ
ЛС	ЛОКАЛНА САМОУПРАВА
МЗ	МЕСНА ЗАЕДНИЦА
НВО	НЕВЛАДИНА ОРГАНИЗАЦИЈА
УЗ	УРБАНА ЗАЕДНИЦА
МС	МЕМОРАНДУМ ЗА СОРАБОТКА
ОЕСР	ОРГАНИЗАЦИЈА ЗА ЕКОНОМСКА СОРАБОТКА И РАЗВОЈ

ИЗВРШНО РЕЗИМЕ

Консултацијата со граѓаните останува камен-темелникот на партиципативното и транспарентно владеење, клучно за овозможување граѓаните активно да придонесат кон својот општествен и локален развој преку сопствени идеи и учество. Иако основите за оваа консултација се утврдени во правните рамки на државата, практиката покажува дека има значителен простор за подобрување во нивното спроведување на локално ниво.

Оваа анализа, базирана на комплексен методолошки пристап кој вклучува анкета со граѓани, интервјуа со локални чинители и фокус групи, цели кон тоа да даде целосен преглед на тековните практики и перцепции на локалните власти и граѓаните во однос на граѓанското учество.

Од анализата е јасно дека постојат обиди од страна на локалните власти за вклучување на граѓаните, особено кога станува збор за информирање за нивните активности. Во тој контекст, локалните власти активно ги користат сите расположливи средства за комуникација, овозможувајќи на граѓаните да имаат општа претстава за активностите на нивната локална власт.

Сепак, предизвиците се појавуваат во сферата на еднаквото вклучување на граѓаните во процесите на донесување одлуки. И покрај постоечките механизми и средства претставени во правните рамки, тие често се перципираат како комплицирани и обврзувачки да се применат со минимум критериуми, што го ограничува нивното користење од страна на граѓаните и доведува до селективна употреба од страна на локалните власти.

Граѓаните изразуваат преференција кон директен контакт со носителите на одлуки, што е пристап кој и локалните власти го сметаат за најефикасен. Како резултат на тоа, формите на директна консултација, како собирите на граѓани и директните средби, се најчести методи за вклучување. Интересите на граѓаните се фокусирани на круцијални теми како што се буџетот, урбанистичките планови и капиталните инвестиции, но се чини дека консултациите често се површни и служат повеќе како формалност. Граѓанските организации укажуваат дека властите пред сè ги вклучуваат граѓаните кога од тоа имаат директна корист.

Покрај тоа, постои ниско ниво на активност на граѓаните во пристапувањето кон нивната локална власт, што укажува на потреба за подобрување на пристапите и механизмите за граѓанско учество, како и за зголемување на свеста и мотивацијата на граѓаните за учество.

Иако постои правната основа и волјата за граѓанско учество, за ефективна реализација и вистинско вклучување на

граѓаните во локалното одлучување потребни се дополнителни напори и подобрувања. Оваа анализа нуди сет на препораки кон локалните власти, граѓаните и другите заинтересирани страни за унапредување на процесите на граѓанско учество на општинско ниво, со крајна цел за постигнување на поголема транспарентност, отчетност и ефективност во локалното владеење.

Оваа анализа во 2023 година се темели на претходна анализата од 2017 година на постоечките практики на користење на механизмите за консултација со граѓаните во креирањето на локалните политики и нивната ефикасност. Трендовите во двете анализи, одразуваат слични набљудувања и предизвици во контекстот на граѓанското учество во локалните процеси на одлучување, но исто така, укажуваат на некои еволутивни промени во времето. Сумирањето на главните трендови ја дава следната слика:

И двете анализи истакнуваат дека има значителна потреба за зголемување на свеста и активната вклученост на граѓаните во донесувањето одлуки на локално ниво. Сепак, и покрај постоечките механизми за учество, проблемот со ниската заинтересираност и активност останува видлив.

Двете анализи ја потенцираат потребата за подобрување на комуникацијата и информирањето на граѓаните од страна на локалните власти. Ефективната комуникација се смета за критичен елемент за засилување на учеството и транспарентноста.

Има тенденција на фокусирање на консултациите врз специфични теми, како што се инфраструктурни проекти и урбанистичко планирање. Со текот на времето, видлива е потребата за диверзификација на темите кои се вклучуваат во консултациите за да се одговори на поширок опсег на интереси на граѓаните.

Постојат различни алатки за учество на располагање, но и двете анализи укажуваат на проблеми со нивната ефективност и прифаќање од страна на граѓаните.

Иако има општа верба дека учеството на граѓаните може да има позитивен ефект, сепак постои и чувство на фрустрација кога учеството не резултира со видливи промени или подобрувања.

Евидентно е дека иако основните предизвици и трендови остануваат конзистентни меѓу двете анализи, постои непрекинат процес на развој и промена во практиките и перцепциите на граѓанското учество, одобено како резултат на пандемијата од КОВИД 19. Со тоа, анализата укажува на потребата за континуирана адаптација и иновација во методите и алатките за вклучување на граѓаните во локалните процеси на одлучување.

[1]Анализа на постоечките практики на користење на механизмите за консултација со граѓаните во креирањето на локалните политики и нивната ефикасност [Електронски извор] / [Кристина Хаџи-Василева]. - Штип : Фондација за развој на локалната заедница, 2017.

ВОВЕД

Целта на оваа анализа спроведена во рамките на проектот „Организациска поддршка за зајакнување на локалната демократија“ е да се направи преглед и ажурирање на сегашните практики на граѓанското учество, односно успешноста на механизмите за обезбедување непосредно учество на граѓаните во процесите на креирање јавни политики и донесување на одлуки на локално ниво во последните неколку години, вклучувајќи го и пандемискиот период на Ковид-19. Земајќи ја претходната анализа од 2017 година како почетна позиција, ова истражување покажува ажуриран пресек на однесувањето на засегнатите чинители во однос на темата со цел изнаоѓање заеднички прифатливи решенија.

Преку добиените податоци и заклучоци, овој проект се стреми да направи поголем притисок на ЕЛС за почесто користење и зајакнување на механизмите за директна демократија за граѓанско учество, но и да се подигне свеста на граѓаните за важноста на нивното учество во креирањето на локалните политики.

Проектот се фокусира кон исполнување на следните специфични цели:

Подобрување на положбата на граѓанското општество за ефективно застапување на интересите на целните групи;

Зајакнување на институционална и финансиска одржливост на локалните ГО (grass roots);

Зголемување на учество на граѓаните во креирање на јавните политики.

Овие цели се во согласност и со заложбите на ЕУ и Владата на Република Северна Македонија за поддршка и промоција на демократијата и човековите права преку засилена партиципативна и репрезентативна демократија, односно засилување на целосниот демократски циклус преку зајакната активна улога на граѓанското општество, владеење на правото и воспоставување на структурен дијалог со граѓанското општество кое ќе придонесува и ќе дава поддршка на патот на реформите за интеграција на земјата во Европската Унија.

Вклучувањето на граѓаните во процесите на донесување одлуки е сè поинтензивирано и станува синоним за успешна децентрализација и демократија на дело. Во основата на овој процес стои идејата за активна граѓанска партиципација, каде што граѓаните не само што се консултираат, туку активно придонесуваат кон формирањето на политиките кои ги допираат нивните заедници. Во таа смисла, ефективната комуникација меѓу граѓаните и локалните власти е клучна за идентификувањето на приоритетите и за користењето на општинските ресурси на најдобар можен начин.

Сепак, за да се постигне максимална ефективност на овој процес, потребно е да се усоврши комуникацијата и да се изградат и подобрат институционалните механизми кои ќе овозможат пошироко и посуштинско учество на граѓаните. Ова вклучува како можност за граѓаните да се изразат и влијаат на одлуки кои директно ги засегаат, така и за локалните власти да добијат целосна поддршка и легитимитет за своите политики.

За да се оцени и анализира моменталната состојба на механизмите за граѓанско учество на локално ниво, оваа анализа ги зема предвид искуствата и практиките на локалните власти и граѓаните. Целта е да се идентификуваат областите каде што има потреба од подобрувања и да се предложат конкретни чекори за нивно реализирање, со кои ќе се зголеми партиципативноста и демократичноста во Македонија.

Со ова на ум, конкретните цели на анализата се:

- **Да се анализира моменталната состојба во однос на механизмите за консултација на граѓаните во процесот на креирање јавни политики на локално ниво**
- **Да се овозможи дискусија помеѓу локалните чинители (ЕЛС, ГО-и, БС)**
- **Да се стимулира споделување и реплицирање на добри практики на механизми за консултација помеѓу единиците на ЛС**
- **Да се лобира кај единиците на ЛС за институционализација на предложените механизми**

Со оглед на актуелните предизвици и потенцијали, оваа анализа има за цел да послужи како основа за создавање на поотворена и инклузивна локална самоуправа во РС Македонија, која активно ги вклучува своите граѓани во процесите на одлучување и на тој начин, придонесува кон создавањето на поодржливи и ефективни локални заедници.

МАКЕДОНСКИ ПРАВЕН КОНТЕКСТ

Активно и транспарентно вклучување на граѓаните во креирањето на регулативата е предуслов за развојот на едно демократско општество чии постулати се демократски вредности, транспарентност и отчетност. Современиот, демократски концепт на активно граѓанско учество очекува граѓаните будно да ја следат работата на нивните избрани претставници и постојано да се вклучуваат во развивањето на локалните политики, а не само да реагираат на нив откако ќе бидат донесени. Според тоа, граѓанското учество се разбира како секоја активност со која граѓаните се здружуваат со цел да се информираат, разговараат за проблемите на својата заедница, активно се вклучуваат во процесот на донесување јавни одлуки и нудат потенцијални решенија за креирањето на политики со кои би влијаеле врз квалитетот на својот живот и животот на своите сограѓани. Преку ваквото учество на засегнатите страни, Власта има пристап до нови идеи, информации и ресурси важни во процесот на креирање на политики, а ваквите консултации придонесуваат кон градење на меѓусебната доверба и развивање на демократските принципи.

Овој вид на ангажирано граѓанство, т.е. граѓани што се активно вклучени во подобрување на своите заедници и на својата држава, се од огромна корист за граѓанското општеството и се главен показател за „здравјето“ на заедниците, демократската држава и степенот на задоволство кај граѓаните.

Законот за локална самоуправа на Република Северна Македонија од 2002 година набројува неколку можности за граѓанско учество, но остава простор на општините и за нови и дополнителни можности за вклучување на граѓаните. Сепак, истражувањето на Фондацијата за развој на локалната заедница Штип за граѓанското учество во периодот пред пандемијата покажа предизвикувачка ситуација кога станува збор за вклучување на граѓаните како еднакви партнери во процесот на донесување одлуки. Односно, иако и граѓаните и локалните власти на располагање имаат средства и механизми претставени во правните документи, истите се комплицирани, граѓаните ретко ги иницираат и се воздржуваат од нивно користење а

локалните власти селективно ги употребуваат и ги лишуваат од правните карактеристики, што значи дека ги користат во упростена и адаптирана форма[2].

Целта на оваа анализа спроведена во рамките на проектот **„Организациска поддршка за зајакнување на локалната демократија“** беше да се направи преглед и ажурирање на сегашните практики на граѓанското учество, односно успешноста на механизмите за обезбедување непосредно учество на граѓаните во процесите на креирање јавни политики и донесување на одлуки на локално ниво во последните неколку години, вклучувајќи го и пандемискиот период на Ковид-19. Земајќи ја претходната анализа од 2017 година како почетна позиција, ова истражување покажува ажуриран пресек на однесувањето на засегнатите чинители во однос на темата со цел изнаоѓање заеднички прифатливи решенија.

Преку добиените податоци и заклучоци, овој проект се стреми да направи поголем притисок на ЕЛС за почесто користење и зајакнување на механизмите за директна демократија за граѓанско учество, но и да се подигне свеста на граѓаните за важноста на нивното учество во креирањето на локалните политики.

Проектот се фокусира кон исполнување на следните специфични цели:

Подобрување на положбата на граѓанското општество за ефективно застапување на интересите на целните групи

Зајакнување на институционална и финансиска одржливост на локалните ГО (grass roots)

Зголемување на учество на граѓаните во креирање на јавните политики

Овие цели се во согласност и со заложбите на ЕУ и Владата на Република Северна Македонија за поддршка и промоција на демократијата и човековите права преку засилена партиципативна и репрезентативна демократија, односно засилување на целосниот демократски циклус преку зајакната активна улога на граѓанското општество, владеење на правото и воспоставување на структурен дијалог со граѓанското општество кое ќе придонесува и ќе дава поддршка на патот на реформите за интеграција на земјата во Европската Унија.

МАКЕДОНСКИ ПРАВЕН КОНТЕКСТ

Граѓанското учество е тесно поврзано со процесот на децентрализација, односно организација на системот на локална самоуправа во државата и префрлање на голем број надлежности од централно на локално ниво на власт. Успешен процес на

[2] Анализа на постоечките практики на користење на механизмите за консултација со граѓаните во креирањето на локалните политики и нивната ефикасност -Кристина Хаџи-Василева, Фондација за развој на локалната заедница, Штип, 2017

децентрализација подразбира и граѓанска инклузија, односно вклучување и постојана комуникација на локалната заедница и власта во процесот на донесување на одлуки и креирање политики, со што локалните власти се во позиција подобро да ги препознаат локалните потреби и поефикасно да менаџираат со јавните трошоци.

Законската рамка за непосредното учество на граѓаните во одлучувањето на локално ниво во Република Северна Македонија е регулирана во **Законот за локалната самоуправа**[3] како „поединечно или колективно вклучување на жителите на општината во одлучувања за работи од локално значење во различни нивоа на одлучување". Законот предвидува можност за непосредно граѓанско учество во процесите на одлучување за прашања од локално значење преку граѓанска иницијатива, собири на граѓани и референдум (член 25), како и преку достава на претставки и предлози (член 29) и јавни трибини, анкети и предлози (член 30). Дополнително, во општините во кои најмалку 20% од вкупниот број жители утврден на последниот извршен попис на населението се припадници на одредена заедница, се формира Комисија за односи меѓу заедниците чија задача е да ги разгледува прашањата кои се однесуваат на односите меѓу заедниците застапени во општината и дава мислења и предлози за начините за нивно решавање (член 55).

Трошоците за спроведување на непосредното учество на граѓаните во одлучувањето, според Закон, паѓаат на товар на општинскиот буџет (член 25).

Според овој Закон, како документ со најголема правна моќ во општините е дефиниран статутот. Статутот ги регулира организацијата и дејствувањето на општинските органи, како и останатите важни аспекти кои се однесуваат на граѓанската вклученост во одлучувањето, начинот на информирање на граѓаните, случаите со исклучување на јавноста од седниците на советот, претставки и предлози од граѓаните и постапување по нив, начинот на организирање на јавни трибини, спроведување анкети и прибирање предлози од граѓаните. Секоја општина може, во својот Статут, да предложи други начини на непосредна граѓанска партиципативност согласно со Уставот и овој Закон.

За разгледување на прашања и утврдување предлози кои се однесуваат на квалитетот на услугите на јавните служби на општината, советот може да формира и Комисија за заштита на потрошувачите, составена од претставници на поголемите групи на корисници на јавните услуги.

Законот за локална самоуправа исто така наложува седниците на советот да бидат јавни и да не се исклучува присуството на јавноста во дебатите за општинскиот буџет, годишните општински финансиски сметки и извештаи и за урбанистичките планови.

Начинот и постапката за обезбедување непосредно граѓанско учество, односно распишување и спроведување на референдум, свикување и одржување собир на граѓани и покренување граѓанска иницијатива за прашања од национална или локална важност дополнително се уредуваат и со **Законот за Референдум и другите форми на непосредно изјаснување на граѓаните**[4].

Овој закон ги дефинира условите и начините под кои се спроведува референдум, граѓанска иницијатива и собир на граѓани.

[3] Закон за локална самоуправа, 2002- „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 5/2022 од 29 јануари 2002 година.

[4] Закон за референдум, - (Сл. весник на РМ бр.81/2005); Одлука на Уставниот суд на Република Македонија У.бр.195/2005 од 21 и 22 декември 2005 година, (Сл. весник на РМ бр.81/2005 бр.3/2006)

Референдумот на локално ниво се распишува од страна на Советот, за прашања под негови ингеренции, на негова инцијатива или на барање од најмалку 20% од граѓаните на општината, при што не е дозволено да се распише за прашања што се однесуваат на буџетот и завршната сметка на буџетот на општината. Одлуките се сметаат за донесени ако се изгласани од мнозинството од вкупниот број на граѓани кои гласале, доколку повеќе од половината од вкупниот број граѓани запишани во изводот од Избирачкиот список за општината излегле на гласање. Одлуката усвоена на референдумот е обврзувачка за Советот кој е должен во рок од 60 дена по објавувањето на резултатите од референдумот да го уреди прашањето, по кое се одлучувало на референдумот во согласност со резултатите од референдумот.

Граѓанската иницијатива на локално ниво може да се покрене за донесување на одредени акти на општините и распишување на референдум на локално ниво.

Граѓанска иницијатива на локално ниво се смета за покренатa ако најмалку 10% од граѓаните запишани во изводот од Избирачкиот список за општината со свои потписи ја поддржале иницијативата. Советот на општината е должен да го разгледа предлогот во рок од 30 дена по покренувањето на иницијативата и да ги информира граѓаните. Предлагачот е должен граѓанската иницијатива на локално ниво за која е поднесен предлогот да ја спроведе во рок од еден месец од денот на добивањето на известувањето за нејзината уредност.

Собирот на граѓани се свикува заради директно изјаснување на граѓаните за одделни прашања од локално значење и прашања од значење за МЗ или УЗ и заради покренување на иницијативи за решавање на прашања од локално значење. На овие собири, граѓаните со живеалиште во таа област, ги разгледуваат проблемите, заземаат ставови и подготвуваат предлози во однос на темите од непосредно и секојдневно значење за животот и работата на општината или месната заедница.

Собирот на граѓани го свикува Градоначалникот на општината, по сопствена иницијатива, на барање на советот или на барање од најмалку 10% од граѓаните, регистрирани во Избирачкиот список на општината, односно на месната или урбана заедница за која е свикан собирот. Градоначалникот е должен да го свика собирот во рок од 30 дена по приемот на барањето. Органите на општината се должни во рок од 90 дена од денот на одржувањето на собирот да ги разгледаат заклучоците и да ги информираат граѓаните за своите решенија.

Секој граѓанин има право, поединечно или заедно со другите да доставува претставки и предлози за работата на органите на општината и општинската администрација. Во овој случај, градоначалникот е должен да создаде услови за доставување претставки и предлози, да достави образложен одговор до подносителот најдоцна во рок од 60 дена од денот на приемот на претставката и претставките и предлозите кои не се однесуваат на работи од надлежност на органите на општината да ги достави до соодветниот надлежен орган и за тоа да го извести подносителот.

Во текот на изготвувањето на прописите на Општината, Советот, односно Градоначалникот, може претходно да организира јавни трибини, да спроведе анкети или да побара предлози од граѓаните.

Кон овие облици на консултирање на граѓаните во општините, во изминатите десетина години се приклучи и процесот наречен форуми на заедницата. Најголем дел од општините во Северна Македонија ги предвидуваат форумите во своите статути, пред сè како

резултат на програмата за развој на Швајцарската амбасада која го промовира како еден од облиците за вклучување на граѓаните во градењето и донесувањето на одлуките во локалните самоуправи.

Постоечки анализи и оценки утврдуваат дека голем дел од одредбите кои се однесуваат на транспарентност, партиципација и отчетност, нецелосно се применуваат и тоа поради недостаток на капацитети на ЕЛС. Меѓу другото, нагласено е дека за реализација на одредени алатки за директно учество на граѓаните во процесот на донесување на одлуки, прагот односно цензусот е исклучително висок и претставува пречка за спроведување на овие алатки. Непостоењето на капацитети во општините, немањето на одделен буџет за спроведување на одредбите од Законот и немањето јасни правила за спроведување на истите го зајакнува впечатокот дека спроведувањето на одредбите е препуштено на волјата на донаторската заедница и дека недостасува волја од локалните чинители за поголема сопственост врз овие процеси на локално ниво[5].

Со последните измени во **Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа**[6], се нагласува важноста на транспарентнста во работата на општината. **Законот за буџети**[7] и **Законот за извршување на буџети**[8] ја акцентираат транспарентноста во процесите на буџетирање на локално ниво. Дополнително, Законот за буџети предвидува дека „општините на локално ниво треба да воспостават механизам за учество на граѓаните во процесот на предлагање нови иницијативи во подготовката на стратешките планови и фискалната стратегија на општината".

Друга значајна легислатива и моќна алатка за остварување на правото на информираност и гаранција за обезбедување транспарентност и отвореност на општините и институциите, односно имателите на информации претставува **Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер**[9]. Преку овој Закон им се овозможува на физичките и правни лица да го остварат правото на слободен пристап до информации од јавен карактер, а имателите на информации за својата работа се должни да овозможат информираност на јавноста. Во 2018 година, ОБСЕ објави Правна анализа на предложените измени на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер каде, меѓу другото, беше нагласена и потребата од усогласување со меѓународните стандарди, односно на јавните органи да им се наложи проактивно објавување на низа информации од јавен интерес, дури и тогаш кога за тоа нема конкретно барање. Истата наложува процедурите за пристап до информации да бидат едноставни, брзи и ефтини, а заштитата на приватноста треба да биде еден од приоритетите[10].

[5] Извештај за оценка на спроведувањето на Законот за локалната самоуправа- Министерство за локална самоуправа, април 2020/Анализа на постоечките практики на користење на механизмите за консултација со граѓаните во креирањето на локалните политики и нивната ефективност- Фондација за развој на локалната заедница Штип, 2017

[6] Законот за изменување и дополнување на Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа („Службен весник на РСМ" бр.173/22)

[7] Закон за Буџети („Службен весник на РСМ", бр. 203 од 19.9.2022 година)

[8] Закон за извршување на буџети („Службен весник на РСМ", бр. 282 од 27.12.2022 година)

[9] Закон за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на РСМ, бр. 101 од 22.15.2029 година)

[10] Правна анализа на предложените измени на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер- ОБСЕ, 2018

Во таа насока, Министерството за локална самоуправа во 2023 го изготви **Кодексот за транспарентност на локално ниво**[11] со кој се уредуваат стандардите за обезбедување минимум транспарентност на локалната власт. При креирање на овие стандарди е земен предвид и интересот на граѓаните/граѓанските организации за добивање одредени информации и податоци кои им се важни за обезбедување транспарентност и отчетност, нивното вклучување во процесите на креирање политики на локално ниво, како и информациите за коишто граѓаните сметаат дека ќе им го олеснат пристапот до јавните услуги. Според последните истражувања, односно Индексот на активна транспарентност, активната транспарентност на општините во 2023 година изнесувала 74%, а најтранспарентен регион во земјата е Источниот регион, веднаш зад кој се наоѓаат и Југоисточниот и Југозападниот регион. Со години наназад, Скопскиот е најмалку транспарентниот регион во земјата[12].

Додека пак, за отвореноста на општините, односно Индексот на отвореност кој последно е измерен во 2022 година, истиот изнесува 27 %, што е индикација за ниско ниво на отвореност во работењето на локалната власт во РСМ. Меѓу општините со најголема „отвореност“ се Валандово (62 %), Прилеп (59 %), Битола (57 %), Охрид (54 %) и други, додека најниско се рангирани Бутел (6 %), Сопиште (5 %), Арачиново и Зелениково (3 %) и општина Кривогаштани со 0 %[13].

Со цел континуиран развој на локалната самоуправа како ниво на власт најблиско до граѓаните, а воедно и усогласување на системот со нормативните, институционалните, политичките и административните критериуми и стандарди на ЕУ, во рамките на Одлуката за почеток на преговорите на РСМ за пристапување кон ЕУ, беше креирана и новата **Програма за одржлив локален развој и децентрализација 2021-2026 година**[14]. Очекуваните резултати на програмата на крај на предвидениот програмски период предвидуваат суштински позитивни промени во функционирањето на локалните самоуправи, меѓу другото и транспарентно и отчетно спроведување на надлежностите и конзистентно вклучување на граѓаните и здруженијата на граѓани во процесите на подготовка, донесување и спроведување на важните одлуки, политики и мерки за локален економски развој.

Начелата на транспарентност и партиципативност, односно потребата за редовно, навремено и објективно информирање на јавноста за мерките на политиката за поттикнување рамномерен регионален развој, овозможување слободен пристап до информации на заинтересираните страни (транспарентност) и активното вклучување на граѓаните во процесот на креирање и имплементирање на регионалната политика (партиципативност) е опфатено и во **Законот за рамномерен регионален развој**[15] и новата десетгодишна **Стратегија за регионален развој на РСМ- 2021-2031 година**[16].

[11] Кодекс за транспарентност на локално ниво, УСАИД, септември, 2022 година

[12] Индекс на активна транспарентност 2023- Фондација-Отворено општество и Центар за граѓански комуникации, јули 2023 година

[13] Проценка на доброто управување во единиците на локалната самоуправа во Република Северна Македонија преку индексот на отвореност- Фондација - Метаморфозис, август 2022.

[14] Програма за одржлив локален развој и децентрализација 2021-2026 година- Министерство за локална самоуправа

[15] Закон за рамномерен регионален развој ((Службен весник на РСМ, бр. 24 од 29.01.2021 година)

[16] Стратегија за регионален развој на РСМ- 2021-2031 година

Одговорни за спроведување на Законот за рамномерен регионален развој и Стратегијата за регионален развој на РСМ се Министерството за локална самоуправа, Бирото за рамномерен регионален развој и 8 посебни Центри за развој на плански региони кои спроведуваат активности кои придонесуваат за целите на политиката утврдени во планските документи за рамномерен регионален развој.

Во насока на зголемување на партиципативноста во донесувањето на програмите за развој на планските региони, како и за обезбедување решенија кои ќе упатат на вистинските потреби на граѓаните од регионален карактер Бирото изготви концепт за регионални форуми на заедницата како алатка за идентификација, приоретизирање и подготовка на проекти за финансирање од МЛС и БРР[17].

ПОЛИТИЧКИ ОСВРТ И ГРАЃАНСКО УЧЕСТВО

Во текот на последните неколку години, политичките и економски промени предизвикани од пандемијата на Ковид-19, економската како и енергетската криза продолжија во голем размер да го обликуваат социо-економскиот и политичкиот живот во Северна Македонија. По локалните избори од октомври 2021 година, политичкиот релјеф во земјата претрпе сериозни промени откако Коалицијата помеѓу Социјалдемократскиот Сојуз на Македонија (СДСМ) и Демократската Унија за интеграција (ДУИ) која ја водеше државата од последните парламентарни избори во јули 2020, го изгуби политичкото мнозинство и водство во поголемите градови, вклучувајќи го и градот Скопје. Внатрешна македонска револуционерна организација — Демократска партија за македонско национално единство (ВМРО-ДПМНЕ) успеа да го освои мнозинството гласови во 42 општини што предизвика оставка на тогашниот премиер Зоран Заев од сите политички функции[18]. Изборните кампањи и ветувања на двете водечки политички партии во земјата беа главно ориентирани кон долгогодишните заложби на земјата за членство во ЕУ и повеќекратните одолговлекувања на почетокот на преговорите поради нерешените конфликти со Бугарија, несогласувањата на Владата околу справувањето со ефектите на пандемијата на Ковид-19, како и економската ситуација проследена со зголемен процент на невработеност и имиграција[19]. Локалните избори во 2021 година исто така понудија и „шарена“ палета на советнички листи и состави на општински совети, односно покрај големите партии, место зедоа и кандидати/советници од помалите партии, како и од независни листи. Од вкупно 67 независни советнички листи, кандидати од 44 независни листи со речиси 55,000 гласови успеаја да влезат со општинските совети, од кои 3 кандидати беа избрани и за градоначалници. Ова покажува дека граѓаните, зголеменото незадоволство од решавањето на локалните проблеми и недоверба во големите партии, го канализираа со преземање конкретни чекори за учество и контрола во процесите на одлучување во своите општини[20].

[17] Регионални форуми на заедницата алатка за идентификација, приоретизирање и подготовка на проекти за финансирање од МЛС и БРР-БРР, 2020

[18] Индекс на одржливост на граѓанското општество за Северна Македонија во 2021 година, УСАИД, ФХИ 360

[19] Мисија на ОДИХР за набљудување на избори Конечен извештај од Локални избори 17 и 31 октомври, 2021 година

[20] Ревидиран извештај за спроведените избори за членови на Советите на општините и Советот на град Скопје и Градоначалници на Општините и Градоначалник на град Скопје- Државна изборна комисија/ https://rb.gy/pkjuo

Со најновите измени во Изборниот законик[21] од март 2024, се зголемува прагот за собирање потписи за кандидирање независни пратеници и изнесува 1% од запишаните избирачи во изборната единица со што се отежнува можноста за кандидирање на граѓани, граѓански здруженија и независни листи. Законот беше изгласан без претходна јавна дебата и дискусија.

Дополнително, според генералната анализа на родовата застапеност, од вкупно 1347 избрани советници 491 односно 36,45% се жени. Од вкупно 80 општински и 1 градски совет, само во една општина (општина Конче) жените советнички се процентуално позастапени од мажите советници, а во два општински совети (општините Центар Жупа и Пласница) е избрана само по една жена. Иако родовата квота дека најмалку 40% од кандидат(к)ите на изборните листи за општински совети треба да бидат лица од помалку застапениот пол не е исполнета, сепак се гледа мал напредок во родовиот баланс во политичкото учество наспроти квотата од 30% која законодавството порано ја предвидуваше.

Осврнувајќи се на граѓанското учество како показател на „здравјето“ на заедницата и демократскиот развој на една држава, истражувањата во последните неколку години покажуваат дека здравствената криза и епидемиолошката состојба во државата предизвикана од Ковид-19, последиците од истите врз животот на граѓаните, институциите и економијата сепак извршиле влијание врз степенот на граѓанско задоволство од функционирање на локалната власт и граѓанската ангажираност во процесот на носење одлуки[22].

Така, во споредба со п[2]ериодот пред пандемијата и истражувањата спроведени во периодот од 2012 до 2016[23] година, за време на и пост-Ковид периодот не се забележуваат големи промени во степенот на задоволство и чувството на припадност на граѓаните кон своето место на живеење (град или село), но се забележува пад во општото задоволство од државата - Република Северна Македонија како место на живеење[24].

Граѓаните задоволни од вкупното работење на локалната власт (41%) сметаат дека општините работат добро и многу добро и се генерално задоволни од услугите што истите ги обезбедуваат (44%), меѓу кои достапноста до информации од општината (општински весник, веб - страница, локална телевизија\радио...) и информации за општинските услуги и активности.

На спротивната страна, пак, како главни аспекти за незадоволство на граѓаните поврзани со работата на локалните власти се издвојуваат: достапноста до информации за работата на Советот на општината, информации за државните услуги и активности, можноста за учество при носење на стратешки одлуки од локално значење (42%), запознавање со трошењето на општинскиот буџет (највисоки 48%), промовирање на соработката меѓу различните етнички заедници и справување со корупција[25].

21 Изборен Законик, март 2024, https://drive.google.com/file/d/1ZJMruqcNI-yC5VuWSzpfT9BFeKphm5An/view (пристапено 5 април 2024).

22 Граѓанското учество во Република Северна Македонија 2020-2022- Фондација Отворено општество -Македонија

23 Граѓаните и нивните заедници: Граѓанското учество, активизмот и волонтерството во Р. Македонија- ФООМ, Реактор- Скопје, 2016

24 Граѓанското учество во Република Северна Македонија со дополнителен осврт на пандемијата со Ковид-19- Фондација -Отворено Општество, Реактор, Центар за граѓански комуникации, Евротинк, 2021

25 Извештај од истражувањето на јавното мислење за задоволството на граѓаните од локалните услуги- УНДП, Индаго, септември 2022

Просечната оценка на мислењето на граѓаните за вкупното работење на локалната власт била измерена на 3.2 од 5, додека задоволството од локалната демократија, транспарентност и отчетност е оценето со 2.81.

Овие податоци за периодот 2019-2022 година го потврдуваат непроменетиот тек на граѓанското мислење со пред-пандемскиот период (2016-2017 година) каде анализите[26] покажуваат дека локалните власти повеќе се фокусираат на преземање на активности за информирање на граѓаните, а не за нивно вклучување во процесите на донесување одлуки.

Генералното задоволство на граѓаните од локалните власти се покажува директно поврзано и со граѓанската перцепција на можноста за влијание врз одлуките што се носат во локалните институции. Односно, над 80% од населението кое се изјаснило за незадоволно од локалната власт, смета дека не може да влијае врз одлуките кои се носат на локално ниво, иако им е важно да можат да бидат дел од процесот (65%). Ваквото незадоволство и негативна перцепција за малото влијание врз процесите на носење одлуки во локалните институции се рефлектира и во негативниот „тренд" на реализирано граѓанско учество, односно бројот на граѓани кои биле вклучени во некоја организирана граѓанска иницијатива за подобрување на своето место на живеење, каде се бележи пад, од 20% во периодот 2019-2020 година, на 15% во 2021, и продолжува со негативна тенденција и во 2022 година[27].

Активните граѓани кои сепак учествувале во некоја организирана граѓанска активност или процес на носење политики или одлуки на локално ниво, најчесто биле дел од собир на граѓани (60%), граѓанска иницијатива (35%), јавна расправа (32%), отворен ден на градоначалникот (27%), анкети на јавно мислење (26%), Форуми во заедницата (18%), состаноци на Советот (13%), или референдум (10%). Во споредба со 2021 година, во 2022 било измерено поголемо учество на собири на граѓани и Форуми во заедниците, но и помал удел во учество во граѓанските иницијативи, анкети на јавното мислење, состаноците на Советот и референдуми. За разлика од 2021 год. кога околу 22% од предложените предлог/иницијативи биле прифатени, во 2022 год. овој процент е поголем и изнесува 34%. Поголем е процентот (зголемување од 19% во 2021 год. на 33% во 2022 год.) и на оние предлози/иницијативи кои биле во процедура или чекале на одлука, а се намалил бројот на одбиени предлози/иницијативи (од 49% на 30%). Најголем број од овие иницијативи биле за решавање комунални проблеми (36%), акции за зачувување и унапредување на животната средина (25%), иницијативи за урбанизам и поправки на инфраструктура (20%), образование (12%), социјална политика и вработување (3,3%), култура, јавен ред и мир и сл[28].

Состојбата и со останатите форми на граѓански активизам низ годините продолжува да следи незавидно ниво. „Контакт активизмот", односно директниот контакт со засегнатите институции за решавање на одредени прашања во споредба со претходните години

[26] Анализа на постоечките практики на користење на механизмите за консултација со граѓаните во креирањето на локалните политики и нивната ефикасност -Кристина Хаџи-Василева, Фондација за развој на локалната заедница, Штип, 2017

[27] Граѓанското учество во Република Северна Македонија 2020-2022- Фондација - Отворено општество -Македонија

[28] Извештај од истражувањето на јавното мислење за задоволството на граѓаните од локалните услуги- УНДП, Индаго, септември 2022/Граѓанско учество и ЕУ перспективи: Анализа на јавното мислење – Реактор- Истражување во акција, 2021

бележи благ пораст од 10% (2020 г. - 18%, 2021 г. -28%), односно благо зголемување на бројот на граѓани кои директно контактирале со претставниците на локалните институции (градоначалници, советници) и политичките партии, како и на процентот на граѓани кои учествувале во јавни расправи, јавни собири, работни групи, потпишале петиции, ја искористиле својата можност за претставка или доставиле предлог до институциите. Сепак, ваквите тенденции се повеќе забележителни во периоди на одржување на некои политички или општествени настани, како на пример, Локалните избори во 2021 година, кои во одредени периоди предизвикаат зголемување или намалување на интензитет на користење на алатката.

И покрај минималните зголемувања на искористеноста на дел од алатките за директно граѓанско учество, како и контакт активизмот, останува да преовладува генералниот заклучок дека сè уште постои релативно ниска искористеност на постојните механизми за учество во процесите на носење на политики или одлуки од локално значење и постои реална потреба за поголемо вклучување на граѓаните. Но, вреди да се забележи податокот дека постојано се зголемува процентот на заинтересирани граѓани, особено на жени, што во иднина би сакале да бидат информирани или директно поканети од страната на општината за да се вклучат во некоја организирана граѓанска активност[29].

Според граѓаните, постојат повеќе различни причини, како за нивниот мал интерес за граѓанско учество, така и за фактичката мала ангажираност во процесите за одлучување и решавање на проблеми во локалните заедници. Како генерална забелешка, организираноста на општините се смета дека воопшто или во многу мала мера овозможува вклучување на граѓаните во процесот на одлучување на локално ниво. Овој показател покажува благо подобрување во 2022 година, кога се бележи мал пад на процентот на граѓани кои сметале дека начинот на кој е организирана општината воопшто не овозможува или во многу мала мера овозможува вклучување на граѓаните во процесот на одлучување на локално ниво (намалување од 59% во 2021 год. на 50% во 2022 год.)[30].

Според оние граѓани кои веќе биле дел од некоја граѓанска активност, намаленият граѓански интерес и неговото константно намалување со текот на времето е конкретно последица и на слабите резултати од граѓанските активности во кои биле вклучени, односно увереноста дека ништо не се менува, пасивноста на институциите и префрлањето на одговорноста на други тела и институции, празни и неисполнети ветувања на власта и непреземање на активности како одговор на нивните потреби. Дополнително, немањето време, но и незапознатоста и неинформираноста со процесите, мала или никаква иницијатива од самите институции за придонесот на граѓаните, исто така се сметаат како дел од главните „виновници“ за малиот граѓански интерес[31].

Од демографска перспектива, пак, анализите потврдуваат повеќегодишна „доминација“ на машкиот пол во процесите на решавање проблеми и носење одлуки на локално ниво,

[29] Граѓанското учество во Република Северна Македонија со дополнителен осврт на пандемијата со Ковид-19- Фондација -Отворено Општество, Реактор, Центар за граѓански комуникации, Евротинк, 2021

[30] Извештај од истражувањето на јавното мислење за задоволството на граѓаните од локалните услуги- УНДП, Индаго, септември 2022

[31] Граѓанското учество во Република Северна Македонија 2020-2022- Фондација- Отворено општество -Македонија/ Влијанието на демографските фактори врз учеството на граѓаните во јавниот живот и едукацијата на гласачите во Северна Македонија-Поддршка на изборни реформи, 2021

како и на лицата со повисоко ниво на формално образование и социјален статус.
Кај одделните категории - жени и жени од рурални заедници, се забележува помала заинтересираност за поактивен граѓански ангажман и помала вклученост во некој настан или активност што може да има ефективно влијание врз животот во заедницата во која живеат. Според искази на жени-испитанички, ова е „машки свет“ каде што гласот на жените не се сфаќа сериозно и женските иницијативи се помалку ефикасни во споредба со машките или мешаните иницијативи.
За жените од рурални области, ограниченото време и недоволната помош за извршување на секојдневните обврски, што пак укажува на непризнатиот и непроценлив труд, дополнително го ограничува нивното граѓанско учество. Покрај тоа, родовите предрасуди и стереотипите, како и слабо развиената свест, се наведуваат како демотивирачки фактор.
Доколку ја погледнеме споредбата помеѓу руралното и урбано население, урбаното покажува поголема активност, најверојатно поради полесниот пристап до ресурси, невладини организации и општо повеќе можности за учество. Но, забележителен е фактот дека луѓето кои живеат во рурални и оддалечени заедници и лица со попреченост имаат поголема заинтересираност за учество во граѓанскиот живот, иако поради недостиг на пристап се помалку активни.
Во урбаните заедници, населението повеќе сака да се информира преку читање на брошури и летоци, ги дискутира општествените прашања кои ги засегаат со своите колеги и/или пријатели и да одговараат на прашалници. Истите најмалку би учествувале во собири на политички партии, јавни дебати или онлајн состаноци.
Населението во руралните заедници, пак, покажува ниска мотивација за граѓанско учество, односно 61% од тамошното население не верува во постигнување позитивни промени со индивидуален ангажман или ангажман на невладини организации, а 20% воопшто нема интерес за политика. Седум од десет лица кои живеат во рурални населби никогаш не биле вклучени во настан, активност или процес што би можел да влијае на заедницата или нивното локално опкружување, ниту пак се заинтересирани за поактивно граѓанско учество[32].

ГРАЃАНСКИ ОРГАНИЗАЦИИ

Во поглед на граѓанскиот сектор, односно граѓанските организации и нивната одржливост за време на и пост-пандемскиот период, беа забележани промени од повеќе различни аспекти. Првично, правната рамка за дејствување на граѓанскиот сектор беше подобрена со усвојувањето на нови стратегии и други законски измени, додека пак, намалувањето на државните фондови и тековните ограничувања заради пандемијата негативно се одрази врз финансиската одржливост на истите, која и претходно беше кревка, особено на помалите ГО и на организациите надвор од Скопје. Некои од негативните правни аспекти ги вклучуваа: новите одредби од Законот за заштита на личните податоци и Законот за спречување перење пари и финансирање тероризам од 2021 година кои ја усложнија работата на ГО и можно е да наметнат трошоци кои се диспропорционални со големината

[32] Влијанието на демографските фактори врз учеството на граѓаните во јавниот живот и едукацијата на гласачите во Северна Македонија-Поддршка на изборни реформи, 2021/ Граѓанско учество и ЕУ перспективи: Анализа на јавното мислење – Реактор- Истражување во акција, 2021

и капацитетите на некои ГО и други одредби од Законот за спречување перење пари и финансирање тероризам кои наметнаа дополнителни административни оптоварувања на ГО, како што е условот за обезбедување дополнителни информации за нивната сопственичка структура итн. Друг значаен предизвик беа намалените можности на организациите да застапуваат и да имаат отворена дискусија со државните институции, а се намали и нивното функционирање во насока на креирање нови идеи за активности и политики за истите. Кризата придонесе да излезат на виделина и недостатоците во капацитети во однос на опремата потребна за функционално оперирање на организациите што ги ограничи во нивните можности за вмрежување и координирање за застапување во време на криза[33].

Од друга страна, ниту пак државните власти не најдоа начин како да ги вклучат организациите во процесите за санирање на штетите предизвикани од кризата, што може да има долгорочни влијанија врз довербата на граѓанскиот сектор за нивно учество на долг рок.

Континуираното отсуство на јавно достапни информации за начинот на финансирање на граѓанските здруженија продолжува да укажува на нетранспарентност на постапките при доделување на средства, немање увид во трошењето на општините и особено недостаток на повратна информација и евалуација на ефектот во заедницата од потрошените средства. Општините секоја година планираат средства наменети за активности на ГО, во посебна ставка 463 - Трансфер до НВО, но буџетската ставка е поделена во неколку категории и често од неа се финансираат и други субјекти кои не се регистрирани како здруженија или фондации. Во периодот на пандемија, но и во секоја ситуација каде што општините немаат соодветно планирани средства веднаш посегнуваат по буџетот наменет за ГО. Општините оваа буџетска ставка ја чуваат како осигурување со кое се покриваат други трошоци и при ребаланси на буџетот оваа ставка најчесто се намалува.

Ова е еден од показателите колку општините навистина се заинтересирани за развој, поддршка и соработка со граѓанскиот сектор околу важни прашања кои се однесуваат на подобрување на условите за живот во нивните општини и ниското ниво на перцепција на здруженијата како значајни актери и долгорочни партнери во процесот на развој на заедницата[34].

Овој заклучок е во согласност и со наодите од Анализата на Фондација за развој на локалната заедница Штип[35] дека ГО се вклучени во работата на општините со ограничен капацитет, односно локалните власти профитираат на стручноста и капацитетите на истите, особено при изработката на општинските стратешки документи. Најчесто, поддршката од локалната самоуправа е ограничена само на потпишување на Меморандуми за соработка, обезбедување на некаков вид на поддршка, и е ограничена на не толку битни прашања, кои немаат големо влијание врз животот на граѓаните.

[33] Индекс на одржливост на граѓанското општество за Северна Македонија во 2021 година, УСАИД, ФХИ 360/ Граѓанското учество во Република Северна Македонија со дополнителен осврт на пандемијата со Ковид-19- Фондација - Отворено Општество, Реактор, Центар за граѓански комуникации, Евротинк, 2021

[34] КОЛКУ ОПШТИНИТЕ ГИ ПОДДРЖУВААТ ГРАЃАНСКИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ – Мрежа „ЗАЕДНИЦА“, Штип 2022

[35] Анализа на постоечките практики на користење на механизмите за консултација со граѓаните во креирањето на локалните политики и нивната ефикасност -Кристина Хаџи-Василева, Фондација за развој на локалната заедница, Штип, 2017

Позитивните промени во текот на 2021 година вклучуваа усвојување на новата Стратегија за соработка и развој на граѓанското општество за периодот 2022-2024 година, Националната стратегија за промовирање и развој на волонтерството 2021-2025 година, успешно вклучување на ГО во креирањето на неколку нацрт-закони, отсуство на пријавени случаи на вознемирување на ГО од страна на државните институции, немањето правни ограничувања во врска со можностите за пристап до различни извори на финансирање, вклучително преку економски активности, кампањи за донации, странски донатори, или пак тендери за јавни набавки и сл. Дополнително, во 2021 година, преку шеесет граѓански организации се здружија за потпишувањето на првиот Кодекс за граѓанските организации за Северна Македонија[36]. Оваа иницијатива предводена од ГО ги препозна препораките за дејствување и има за цел да го зачува квалитетот на активностите во рамките на секторот и остварувањата. Овој документ беше усвоен доброволно, со што ГО покажаа подготвеност за одржување на високите стандарди на транспарентност и отчетност, а истовремено има за цел да ја зајакне довербата на јавноста во напредокот на граѓанскиот сектор.

Ковид-кризата покрај директното влијание врз граѓанските организации, се одрази негативно и на свесноста на самите граѓани истите, односно постоењето на организирана форма на граѓанско учество и активизам во општините во кои живеат. Во 2022 година е измерено најниско ниво на свесност на граѓаните за невладините организации во нивните општини (17%), како и највисоко ниво на немотивираност за учество во активности на граѓанските здруженија (55% од испитаниците).

Според една четвртина од граѓаните (29%) граѓанските здруженија/НВО во општината ги поттикнуваат граѓаните да предлагаат решенија за локални проблеми и да се вклучуваат во работата на локална самоуправа, но поделени се мислењата за тоа дали граѓанските здруженија и всушност, дејствуваат според приоритетите на граѓаните или не (25% - 26%). Генерално, дел од граѓаните се согласуваат дека е добра идеја општините целосно да ги предадат некои услуги на граѓанските здруженија и веруваат дека тоа ќе резултира со подобри услуги, а дел сметаат дека тоа се компаниите, односно некои услуги би се подобриле ако општината целосно ги предаде на компаниите.

Од истражувања и анализи на граѓанското мислење, интерес и ангажман во последните неколку години, се потврдува негативниот тренд на намалување, како на граѓанскиот интерес, така и на вербата на граѓаните во институциите на локално ниво и ефективноста на граѓанското влијание врз одлуките кои се носат во институциите. Сепак, податокот за зголемување на интересот и желбата за вклучување во вакви процеси, односно граѓанскиот оптимизам, дава надеж дека државните институции ќе се освестат и го искористат овој потенцијал за изнаоѓање механизми за поголемо вклучување на граѓаните во овие процеси, преку што би се зголемило и довербата на граѓаните во нив. Неискористувањето и невклучувањето на граѓаните би можело да донесе дополнително разочарување кај граѓаните, но и дополнително одлевање на граѓанскиот потенцијал од земјата.

[36] Кодекс за граѓански организации- МЦМС, 2021

МЕТОДОЛОГИЈА

Анализата се темели на комбинирана методологија која вклучува деск-анализа, фокус групи, интервјуа со градоначалници, општински советници, претставници на планските региони, како и анкета. Секоја од овие компоненти дава различна перспектива и длабочина на истражувањето, овозможувајќи целосна слика на механизмите за граѓанско учество на локално ниво.

Деск-анализа беше спроведена за преглед на правната рамка и академската литература, фокусирајќи се на законите што го регулираат граѓанското учество во креирањето политики на локално ниво.

Фокус-групите обезбедија директен увид во ставовите и искуствата на граѓаните, ГО, новинарите и бизнис заедницата, организирани во сите осум плански региони, со вкупно учество на 105 лица. Карактеристично за имплементацијата на истражувањето е тоа што многу тешко се вклучуваат учесниците, како граѓаните, медиумите и особено бизнисите.

Интервјуата со градоначалници и општински советници од политичките партии овозможија детален увид во ставовите на локалните власти кон граѓанското учество, со вкупно интервјуирани 16 градоначалници и 16 советници од сите плански региони и политички партии. Пристапено им е, и интервјуирани се и сите претставници на центрите за развој на планските региони, освен на југозападниот регион.

Анкетата, спроведена од 26 септември 2023 година до 11 јануари 2024 година, собра податоци од 197 граѓани, со цел да се разберат нивните ставови, искуства и перцепции за учеството во донесувањето одлуки на локално ниво. Демографската структура на учесниците беше разновидна, со застапеност од сите плански региони, и покажа значителна застапеност на жените (63%), високо образовани лица (повеќе од 80% со високо или постдипломско образование) и вработени (79.8%). Етничката припадност беше со присуство на македонски, албански, ромски, турски, српски и други етнички групи.

Анализата ги опфати следните клучни аспекти на граѓанско учество:

- дали и како општината ги вклучува граѓаните во процесот на донесување одлуки, вклучително и кои алатки користи за таа цел. Оваа категорија ги зема предвид перспективите на општината и опфаќа прашања кои се фокусирани на механизмите и платформите за учество на граѓаните.

[37] ВМРО-ДПМНЕ, СДСМ, ДУИ, БЕСА, АА, ЛДП, Левица и ГРОМ

- темите или областите и прашањата за кои локалната власт ги консултира граѓаните. Ова ги вклучува специфичните прашања или агенди на кои општината бара интерес од граѓаните.
- заинтересираноста или незаинтересираноста на граѓаните за учество во локалните процеси на донесување одлуки, како и степенот на нивно учество. Оваа категорија е клучна за разбирање на мотивацијата и бариерите за граѓанско учество.
- начините на учество на граѓаните во процесите на донесување одлуки, успешноста и ефективноста на различните алатки и методи од перспектива на граѓаните. Ова вклучува искуства и перцепции на граѓаните за различни формати на учество.
- ефектот од учеството на граѓаните во процесите на донесување одлуки, вклучително и дали имало некаков ефект, и ако да, дали тој ефект е позитивен или негативен. Оваа категорија е важна за мерење на влијанието на граѓанското учество на локалните политики и одлуки.


Секоја од овие категории овозможува детално разгледување на различни аспекти на граѓанското учество и интеракцијата меѓу локалната управа и граѓаните. Преку оваа методологија, анализата цели да добие целосна слика за нивото на демократија и учество на граѓаните во локалното одлучување.

ВКЛУЧЕНОСТ ВО ДОНЕСУВАЊЕТО ОДЛУКИ

Во овој дел се мерат ставовите на граѓаните за тоа дали и на кој начин општината ги вклучува граѓаните во донесувањето одлуки и со кои алатки.

На прашањето: „Со оценка од 1 до 5 (1-лошо, 5-одлично) како би ја оцениле подготвеноста на Вашата општина да ги вклучи граѓаните во донесувањето одлуки на општинско ниво?“, граѓаните дале просечна оценка од 2.34 (на скала 1 до 5, каде 1 е лошо, а 5 одлично) за подготвеноста на општина во која што живеат да ги вклучи граѓаните во донесувањето одлуки на општинско ниво.

Според одговорите на „Како општината Ве контактира/известува за да го споделите своето мислење и да се вклучите во процесите на донесување на одлуки кои ја засегаат општината (Ве молиме изберете ги сите релевантни одговори)?“ скоро 37% од испитаниците одговориле „општината не нè вклучува“, за 24.4% дека тоа е преку социјални медиуми, а за 18.3% тоа е преку известувања на веб-страницата на Општината.



Како општината ве контактира/известува да се вклучите во одлучувачки процеси?

Методи на контакт по ранг

- Општината не ме контактира/известува
- Преку социјални медиуми
- Преку известување на веб
- Преку конвенционални медиуми
- Доставна покана
- Личен контакт
- Друго


На прашањето: Дали сметате дека Вашата општина Ве вклучува во донесувањето одлуки?, 82.21% од испитаниците изјавиле дека нивната општина не ги вклучува во овие процеси, додека 17.79% од испитаниците сметаат дека нивната општина ги вклучува во процесите на донесување одлуки.

Ова укажува на значителен недостаток во ангажманот на општините да ги вклучат граѓаните во донесувањето одлуки, што потенцира потреба за подобрување на комуникацијата и можностите за вклучување, за да се зајакне учеството на граѓаните во


локалното одлучување.

Методи на вклучување: На прашањето: „На кои начини општината Ве вклучува во донесувањето одлуки?“, добиениот број на одговори на ова насочувачко прашање е 54%, односно само оние кои што одговориле позитивно на претходното прашање имале можност да одговараат. Добиени се различни одговори кои вклучуваат анкети, социјални медиуми, јавни трибини, отворени денови на градоначалникот и други. Сепак, се чини дека нема еден доминантен метод кој се користи во сите општини. Рангирањето на добиените одговори според фреквентноста е следно:

1. Јавни трибини: 16.81%
2. Социјални медиуми (Фејсбук, Инстаграм, Твитер): 14.16%
3. Форум во заедницата: 13.27%
4. Анкети: 10.62%
5. Собир на месна/урбана заедница: 9.73%
6. Отворени денови на градоначалникот: 9.73%
7. Собир на граѓани: 8.85%
8. Форуми/прашања и одговори на веб-страницата на општината: 7.08%
9. Советодавни одбори: 4.42%
10. Референдум: 4.42%
11. Ниту едно од горенаведените: 0.88%




На прашањето: „Кога последен пат сте биле повикани од страна на општината да го дадете своето мислење на некоја тема/за некоја одлука? “ дури 66% испитаници одговориле дека никогаш воопшто не биле повикани.



Перцепција на вклучување: Идентификување дали граѓаните сметаат дека нивните мислења и потреби се земени предвид од општината.

На прашањето: „Кој сметате дека е позаинтересиран и подостапен да го слушне мислењето на граѓаните, градоначалникот или советниците?“, 46% од испитаниците одговориле дека тоа е Градоначалникот/Градоначалничката, а 19 % дека тоа се советниците.



Голем дел од учесниците, 74% изјавија дека не биле вклучени во донесувањето на одлуки за време на Ковид-пандемијата.

Оваа анализа се фокусира и на динамиката на соработката меѓу различни заинтересирани страни - граѓански организации (ГО), граѓаните, приватниот сектор, академската заедница, и новинарите со локалните општини. Соработката се разгледува во контекст на перцепциите и искуствата на овие актери во интеракцијата со општинските власти.

Податоците од фокус-групите и интервјуата со градоначалници и советници откриваат варијабилност во квалитетот на соработката, која зависи од низа фактори вклучувајќи ги клучните два, географската локација и политичката волја на општинските власти. Според податоците, постојат различни нивоа на соработка, од тесни партнерства до потполни недостатоци на истата.

Од една страна, дел од испитаниците од фокус-групите изјавиле за добра до одлична соработка со општините, особено во општини каде постојат воспоставени канали за дијалог и учество на граѓаните и ГО во локалното одлучување. Во контраст, други укажуваат на значителни пречки и отсуство на соработка, особено кога станува збор за суштински теми или потреби кои бараат поголемо вклучување и отвореност од страна на општините.

Податоците укажуваат на тоа дека локалните власти прават обиди за информирање на граѓаните за своите активности, користејќи различни методи за комуникација. Сепак, кога станува збор за вклучување на граѓаните како активни учесници во процесот на донесување одлуки, согледувањето е дека постојат значителни предизвици. И покрај достапноста на механизмите предвидени во законодавството, тие ретко се искористуваат во својот целосен капацитет, делумно поради комплексноста и процедуралните барања.

Одговорите добиени од интервјуата со градоначалниците даваат увид во методите и алатките за консултација со граѓаните кои градоначалниците ги користат за ефективна комуникација и одлучување.

„Ажурно известување на граѓаните... од врата до врата информирање на граѓаните, НВО, настани и трибини" – градоначалник на урбана општина од југоисточниот регион

Главните методи вклучуваат личен контакт, отворени денови, граѓански иницијативи, собири на граѓани, јавни трибини, и предлози. Покрај традиционалните методи, се споменуваат и буџетски форуми кои се одржуваат главно во урбаните центри и вклучуваат различни заинтересирани страни како бизнис секторот, невладините организации, урбаните заедници и советничките групи. Градоначалниците, исто така, споделуваат дека личниот контакт убедливо се покажал како најефикасен метод. Дополнително, иако повеќе од 50 општини ги внесоа форумите во своите статути, се споменува дека форумите не се внесени во Статутот на општината, со ретки исклучоци, што значи дека институционална меморија за процесите и протоколите за комуникација и консултации со граѓаните, не постои. Интересно е дека, според искуството на градоначалниците, покрај директната комуникација, Фејсбук е најчесто користена алатка за комуникација од страна на граѓаните. По пандемијата на Ковид-19, се забележуваат промени во интересот на граѓаните и методите на консултација. Дел од градоначалниците споделуваат информации дека е важно да се зголеми отвореноста на општината за да се зголеми интересот на граѓаните за учество во локалните процеси на одлучување. Финансирањето на овие процеси и активности, исто така, е исклучително ретко. Кај градоначалниците постои свест за важноста на соработката со граѓанскиот сектор, медиумите и деловната заедница за ефикасно управување и развој на општината.

Перцепциите на локалните власти во однос на вклучувањето во процесите на одлуки укажуваат дека тие преферираат:

Методи и алатки за консултација со граѓаните клучно преку собири на граѓани и директни средби. Повеќето општини применуваат собири на граѓани и директни средби како основен метод за комуникација и консултација со граѓаните. Онлајн и користењето на социјални медиуми и онлајн алатки се применува и преку сопствени и преку општински профили.

Директната комуникација преку собири и лични средби се смета за најефикасен метод за консултација со граѓаните во многу општини. Некои општини истакнуваат дека, и покрај напорите, има слаб одзив на граѓаните на повиците за учество во консултациите.

Според нив, предизвици во вклучувањето на граѓаните се:

Политичката поларизација и партиските интереси ги отежнуваат процесите на вклучување на граѓаните и ја намалуваат нивната ефективност.

Постои недостаток на активен ангажман од страна на граѓаните во некои случаи, што градоначалниците го припишуваат на различни фактори вклучително и недостиг на интерес.

Иселувањето на младите и демографските промени се голем предизвик за локалните заедници, посебно во мали и рурални општини.

Ограничените ресурси и потребата за финансиска поддршка се истакнуваат како критични предизвици за спроведување на проекти и иницијативи кои би ги задоволиле потребите на граѓаните.

Граѓаните, од своја страна, покажуваат исто преференција кон директен контакт со носителите на одлуки, што и локалните власти го прифаќаат како најефикасен метод. Традиционалните собири на ниво на месна заедница, директните средби и јавните трибини остануваат најчести методи на консултација. Покрај овие, се користат и модерни алатки, како социјалните медиуми и веб-страници, иницирани претежно од ГО и донатори, за подобрување на комуникацијата со граѓаните.

Вклученоста на граѓанските организации во донесувањето на одлуки варира во зависност од регионот. Во некои региони, соработката помеѓу ГО и локалните власти е задоволителна, што покажува на нивна вклученост во локалните процеси на одлучување. Но, во други региони, вклученоста може да биде подложна на политички влијанија и недостаток на капацитети во локалната самоуправа за разбирање на потребите на ГО. И во рамките на еден регион може да има значајни разлики од општина до општина, па во некои општини соработката со ГО е одлична, во други е речиси непостоечка.

„Вклученоста на граѓанските организации, медиумите и бизнис секторот во донесувањето одлуки се менува со промената на власта.“ - Полошки регион

„Граѓанските организации имаат задоволителна соработка со општините, особено во изработката на проекти и иницијативи“ - Североисточен регион

„Вклученоста во одлуките честопати зависи од ставот и пристапот на градоначалникот.“ - Пелагониски регион

Градоначалниците и советниците, се консултираат со граѓаните и другите чинители, при што се нагласува дека формалните и неформалните средби се честа практика, особено во руралните заедници. Меѓутоа, квалитетот на овие интеракции често се поврзува со

индивидуалните карактеристики на градоначалниците и нивната способност и волја да воспостават продуктивен дијалог.

„Ние сме многу мала општина со жители и територија. Собирите на граѓани се доста чести" – Градоначалник од Југозападен регион

„Лично видување и посетата на месните заедници" – Градоначалник од Вардарски регион

Некои општини практикуваат отворени денови, редовни состаноци во месните заедници и употреба на дигитални платформи за зголемување на транспарентноста и подобрување на комуникацијата со граѓаните. Истовремено, се појавуваат и иницијативи за поддршка на ГО преку обезбедување на простории за настани или дури и финансиска поддршка за одредени проекти.

Сепак, евидентно е отсуството на системски пристап и целосна институционализација на процесите за граѓанско учество. Во многу случаи, соработката е површна, спроведена како формалност без вистинско вклучување и заложба за развој на заедницата. Недостигот на ресурси, капацитет и политичка волја се истакнуваат како главни пречки за поефикасна и смислена соработка.

Позитивни примери на соработка постојат кај општините кои со заинтересираните страни успешно воспоставуваат платформи за дијалог и заедничко планирање на проекти. На пример, во одредени општини, успешно се имплементирани проекти за урбано зазеленување и унапредување на јавните простори со активно вклучување на локалните заедници и бизнис-секторот. Исто така, постојат примери каде ГО и општини заеднички работеле на програми за образование и инклузија, што покажува дека кога има политичка волја и отвореност за соработка, можат да се постигнат значителни резултати кои директно го подобруваат животот на граѓаните.

И покрај одредени позитивни примери, потребата за зголемена отвореност, транспарентност и активно вклучување на сите релевантни чинители во процесите на одлучување остануваат клучни предизвици кои треба да се адресираат за подобрување на квалитетот на соработката помеѓу граѓаните и општините.

1. Географска локација

Географската локација игра значајна улога во квалитетот на соработката меѓу граѓаните и општините. Во урбаните општини, заради поголемата популација и комплексност на урбаниот живот, често има повеќе институции, невладини организации и приватни субјекти што можат да влијаат и учествуваат во локалното одлучување. Ова создава повеќе можности за соработка, но истовремено и потреба за поорганизиран пристап кон координирање на заинтересираните страни. Наспроти тоа, во руралните заедници, каде што популацијата е помала и заедницата поцврста, соработката може да биде поинтимна и директна, со често појавување на неформални форми на комуникација.

2. Политичка волја на општинските власти

Политичката волја на општинските власти е можеби најкритичниот фактор кој влијае на квалитетот на соработката. Општини водени од власти кои активно ги поттикнуваат и

вреднуваат формите на граѓанско учество покажуваат поголема отвореност и транспарентност во својот работен процес. Во такви општини, постојат појасни механизми за учество на граѓаните и се прават напори за инклузивно одлучување.

По однос на соработката на недржавните чинители со општините по региони има состојбата е различна.

Вардарски регион: Соработката меѓу граѓаните и недржавните чинители со општините во Вардарскиот регион варира; во некои општини како Велес и Кавадарци е оценета како многу добра или одлична, додека во други како Свети Николе, Неготино и Чашка е потешка.

Источен регион: граѓаните и недржавните чинители имаат добра соработка со општините, особено во креирањето стратегии и планови. ГО се главно тие коишто ги вклучуваат општините во разни активности и иницијативата за соработка со општината најчесто доаѓа од нивна страна. Сепак, квалитетот на соработка зависи од конкретните лица во општините и нивното знаење и експертиза за одредена тема.

Југозападен регион: Соработката се оценува како тешка, особено во општините Струга и Кичево, каде што соработката најчесто зависи од лични врски и, ако постои, е главно декаларативна.

Пелагониски регион: граѓаните и недржавните чинители велат дека соработката може да биде подобра, но таа варира од општина до општина. Во некои случаи, соработката зависи од ставот на градоначалникот кон ГО.

„Прашањето е дали ќе биде затворена вратата или малку ќе се отвори и ќе нè сослушаат. До тука е работата“. – ГО од Пелагониски регион

Полошки регион: Соработката значително варира и зависи од многу фактори, вклучително и промени во локалната власт. Има изразени проблеми со комуникацијата и транспарентноста.

Североисточен регион: граѓаните и недржавните чинители се главно задоволни од соработката со општините, сепак соработката често зависи од личните врски.

Скопски регион: Соработката меѓу граѓаните и недржавните чинители и општините во Скопскиот регион покажува на различни искуства, со потреба за подобрување на комуникацијата и формализацијата на соработката.

Југоисточен регион: Слично како во другите региони, и тука соработката варира и се соочува со слични предизвици. Соработката зависи и од темата, односно колку се усогласени интересите на општината со тие на ГО за конкретната тема, како и од капацитетите на општината.

ТЕМИ НА КОИ СЕ ФОКУСИРААТ КОНСУЛТАЦИИТЕ СО ГРАЃАНИТЕ

Овој дел се однесува на идентификување на најчестите теми на кои се фокусираат консултациите со граѓаните.

На прашањето: „Во кои од долунаведените процеси сте биле поканети да се вклучите во последните 3 години“, добиени се одговори од 35.5% од вкупно анкетираните, со што може да се забележи дека најголем број на учесници воопшто не одговориле дека биле вклучени во еден од наведените процеси, додека останатите учества се поделени меѓу различните опции со различна застапеност. Понудени беа следните опции:

При развивање на стратешки план на општината

Консултација за капитални инвестиции

Изготвување на урбанистички планови при развивање на Стратегијата за Локален Економски Развој

При развивање на Локална младинска стратегија

Не сум бил/-а вклучен/-а во ниту еден од горенаведените процеси


Изготвување на општинскиот буџет

При формирање на годишниот работен план на Јавните комунални претпријатија

Од добиените одговори најзастапен е: „Изготвување на општински буџет” со 17,6%, „не сум бил вклучен/-а во ниту еден од горенаведените процеси“ со 17,1% „Развивање на стратешки план на општината“ со 16,4%, „Изготвување на урбанистички планови“ со 14.5% итн.



Најголем дел од учесниците (приближно 68.7%) изјавија дека не биле повикани да го изразат своето мислење на одредена тема од страна на општината. Сепак, постојат и учесници кои биле повикани во текот на последната година или поконкретно за време на локалните избори во 2021 година или за време на претходната раководна структура на општината, иако во помала мерка.



Анализата на прашањата кои се однесуваат на темите или областите за кои локалната власт ги прашува граѓаните, открива разновиден спектар на одговори. Сепак, изгледа дека значителен број на испитаници изјавиле дека општината не бара нивно мислење за никакви теми или се соочиле со ситуации каде што не се консултирани за одредени одлуки. Еве неколку клучни наоди:

Значителен број одговори укажуваат на тоа дека граѓаните сметаат дека не се консултирани од страна на нивните општини за никакви специфични теми.

Постојат и поединечни одговори кои укажуваат на специфични области, но тие се многу разнолични, сепак тема која е доминантна на ниво на сите општини е изготвувањето на буџетот.

Овие наоди може да укажуваат на потребата за подобрување на комуникацијата и ангажманот меѓу општините и граѓаните, како и на потребата општините поактивно да ги вклучуваат граѓаните во разговорите за локалните прашања и одлуки. Исто така, сугерираат дека може да има простор за зголемување на транспарентноста и отвореноста во локалното управување.

Одговорите на прашањето: „За какви теми општината најчесто го бара Вашето мислење како граѓани?" може да се групираат во неколку категории според меѓусебната блискост на темите и содржината на одговорите на следниов начин:

1. Комунални и урбанистички развој

Инфраструктурни прашања и урбанизам: „Урбанистички развој."

Комунални проблеми: „Проблеми од секојдневието поврзани со средината во која живеам."

Буџет и капитални инвестиции: „Буџетирање, комунални проблеми..."

„за капитални инвестиции".

2. Заштита на животната средина и екологија

Екологија и заштита на животната средина: „Заштита на животната средина и екологија“, потреба од нови инфраструктурни работи, потреба од нови проекти и идеи".

„Поврзани со животна средина и локален развој".

3. Политички и изборни теми

Политички за гласање и избор на партија: „Политички за гласање и избор на партија или кога се избори за градоначалник."

„Само за избори сум им потребна".

4. Социјални и младински политики

Младински политики: „Младински политики"

Лица со посебни потреби: „Лица со попреченост"

„Младите и спортот инфраструктура"

5. Недостиг на вклучување

Отсутност на барање мислење: „За никакви теми."

Скептицизам кон вклучувањето: „Не бара мислење за никаква тема, сами одлучуваат и не ги слушаат барањата на граѓаните".

„Никогаш не побарала мислење на ниту една тема".

Ова групирање покажува разновидност во темите за кои општините може да ги вклучуваат граѓаните, како и разочарување и скептицизам кај некои граѓани во врска со нивното вклучување во локалните одлуки.

Анализата на одговорите на градоначалниците и советниците на оваа конкретна група на прашања нуди увид во темите и областите каде граѓаните најчесто се консултираат, како и во процесите на вклучување на граѓаните во креирањето на локалните политики и стратегии.

Градоначалниците истакнуваат дека граѓаните најчесто се консултираат за теми поврзани со локалниот развој, урбанизам, социјални прашања и животната средина. Специфично, прашањата може да вклучуваат инфраструктурни проекти, развој на зелени површини, социјални и образовни услуги, како и иницијативи за подобрување на квалитетот на животот во заедницата. Постои и негативен пример на консултации за редефинирање на поимот родова еднаквост.

„Родова еднаквост – промена на терминот“ – градоначалници од Југоисточен регион

Градоначалниците споделуваат дека граѓаните се вклучени во развивање на локалниот буџет преку јавни расправи и анкети, обично организирани пред усвојувањето на годишниот буџет.

„Предлог инвестициска програма за креирање на буџет за хигиена, канализација, водовод, кучиња скитници, осветлување и култура“ – градоначалник на урбана општина од Полошкиот регион.

Развивање на урбанистички планови, каде консултациите најчесто како законски минимум се одвиваат преку јавни презентации и објавување на плановите за коментари и сугестии од страна на граѓаните.

Стратегија за локален економски развој и други стратегии, каде декларативно, граѓаните

се вклучуваат преку јавни дебати.

Консултација за капитални инвестиции, декларативно преку јавни собири и анкети за да се соберат мислења и предлози од граѓаните за големи капитални проекти.

Градоначалниците нагласуваат дека соработката со граѓанскиот сектор е клучна за успешната реализација на локалните иницијативи и проекти. Оваа соработка често вклучува партнерства со невладини организации на теми како образование, здравство, екологија, и унапредување на младинската политика.

Граѓанските организации често делуваат како мост меѓу локалните власти и граѓаните, обезбедувајќи платформа за ефективен дијалог и заедничко учество во развојот на заедницата.

„Консултациите се фокусираат на специфични области како екологија, родова еднаквост, социјални прашања, и потреби на лицата со посебни потреби“ - учесник на фокус-група, ГО од Североисточен регион,

„Консултациите со граѓаните вклучуваат теми како изработка на стратегии за локален економски развој, планови за земјоделство и работа со млади.“ - учесник на фокус-група, ГО од Источен регион.

Одговорите на градоначалниците покажуваат дека локалните власти се обидуваат да вклучат граѓаните на различни начини во процесот на креирање на локални политики и стратегии. Вклучувањето на граѓаните и соработката со граѓанскиот сектор се препознаени како важни елементи за зголемување на транспарентноста, подобрување на одлучувањето и обезбедување на одржлив локален развој. Потребата од континуирана комуникација и ангажман на граѓаните е клучна за градење на инклузивни и просперитетни локални заедници.

„Општината организира форуми за заедницата со поддршка од меѓународни донатори... каде граѓаните можат да учествуваат и да предлагаат проекти“ - градоначалник од Вардарскиот плански регион.

„Темите се заштита на животната средина, комарци и загаден воздух.“

„Животните – заштита по случаи за труење" – градоначалник на општина од Југоисточниот регион.

Врз основа на интервјуата со градоначалниците и советниците, во однос на овие прашања најкарактеристично е дека граѓаните се фокусираат на проблемите со инфраструктурата, како што се улично осветлување, канализација, водовод и патишта, кои се истакнуваат како најчести прашања за кои граѓаните бараат решенија.


Проблемот со иселувањето на младите и обидите за нивното задржување во локалните заедници е препознаен во повеќето општини, особено поизразено во помалите и руралните, каде има значително слаб интерес на граѓаните.

Темите кои најмногу ги интересираат граѓаните се буџетот, урбанистичкото планирање и капиталните инвестиции, а локалните власти се свесни за ова, но често користат консултации како формалност. Граѓанските организации укажуваат на тоа дека властите тенденциозно ги вклучуваат граѓаните во случаи каде имаат директна корист.

ЗАИНТЕРЕСИРАНОСТ НА ГРАЃАНИТЕ ЗА УЧЕСТВО

Во овој дел битно е да ги разбереме нивоата на ангажираност на граѓаните во локалните одлуки и причините за нивната заинтересираност или незаинтересираност. Оваа група на прашања, се однесува на (не)заинтересираноста на граѓаните за учество и колку од нив учествувале во процесите на донесување одлуки.

Во анкетата наменета за граѓаните, со прашањето „ Дали сметате дека Вашата општина еднакво ги зема предвид потребите и мислењата на различни групи граѓани во заедницата? се прави обид да се идентификува како нивната општина ги зема предвид потребите и мислењата на различни групи во заедницата. Од учесниците се бараше да ги изразат свои ставови преку одговори на специфични категории. Со вкупно 208 одговори, анализата на податоците открива значајни разлики во перцепциите на учесниците за тоа кон кои групи се насочени напорите на општината. Процентите покажуваат колку често секоја од овие категории била спомената, давајќи увид во тоа како граѓаните гледаат на инклузивноста и фокусот на својата локална управа. Најмал дел од одговорите се дека општината еднакво се грижи за сите (17.79%), поголем дел е со став дека постои специфичен фокус на одредени групи (лицата блиски до раководството 30.29%), односно најголем дел е со мислењето дека општината не се фокусира кон никого посебно (34.13%).




Процентите за секоја категорија во однос на вкупниот број одговори (197):

Да, подеднакво се грижи за потребите на сите: 17.79%
Повеќе се фокусира кон младите: 2.40%
Повеќе се фокусира кон жените: 1.92%
Повеќе се фокусира кон Ромите: 4.33%
Повеќе се фокусира кон Албанците: 4.33%
Повеќе се фокусира кон Македонците: 2.88%
Повеќе се фокусира кон населението од руралните заедници: 4.81%
Повеќе се фокусира кон лицата со посебни потреби: 1.92%
Повеќе се фокусира кон лицата блиски до раководството: 30.29%
Повеќе се фокусира кон повозрасните лица (пензионери): 2.88%
Не се фокусира кон никого посебно: 34.13%
Не знам: 11.06%

Обработените податоци покажуваат дека најголем процент од учесниците **(34.13%) сметаат дека нивната општина не се фокусира кон никого посебно, следено од значителен процент (30.29%) кои веруваат дека се фокусира на лицата блиски до раководството.** Само 17.79% од учесниците веруваат дека општината еднакво се грижи за потребите на сите групи.

Од вкупните одговори на прашањето „Дали сте учествувале или на некој начин придонеле во процесите на донесување одлуки во Вашата општина?“, 36.1% граѓани изјавиле дека учествувале или на некој начин придонеле во процесите на донесување одлуки во нивната општина, додека **63.9% граѓани изјавиле дека не учествувале**.



Со оваа категорија на прашања битно е и да ги разбереме нивоата на ангажираност на граѓаните, како и зачестеноста на учеството, односно да видиме колку често граѓаните се вклучуваат во одлучувањето на општинско ниво.

На прашањето: „Колку пати во последниве 3 години сте учествувале во процеси на

донесување одлуки во општината?“, одговориле само 37.5%, односно само тие што одговориле позитивно на претходното прашање. Од добиените одговори:

17.79% изјавиле дека учествувале само еднаш во последните 3 години,


12.98% изјавиле дека учествувале 2-3 пати,

6.73% изјавиле дека учествувале повеќе од 3 пати.

Овие проценти ни покажуваат дека **постои забележлива разлика во учеството на граѓаните во процесите на донесување одлуки, со значително повеќе граѓани кои изјавуваат дека не учествувале во таквите процеси**. Оние што учествувале, најчесто изјавуваат дека тоа било еднаш во последните три години, што укажува на потреба за поголеми напори во ангажирањето на граѓаните и зголемување на нивната зачестеност на учество.

Причини за учество или незаинтересираност: Некои од најчестите причини за незаинтересираност за учество вклучуваат недостаток на време или ресурси, и верување дека нивното мислење нема да биде земено предвид или нема да има ефект врз одлуките на општината. Исто така, некои **граѓани наведуваат дека никогаш не се барани нивните мислења или дека прашањата за кои се бара мислење се споредни или безначајни**.

Овие увиди укажуваат на потенцијални предизвици во ангажирањето на граѓаните во локалните процеси на одлучување. Причините за незаинтересираност сугерираат дека постои простор за подобрување во комуникацијата меѓу општините и граѓаните и потребата за подигнување на свеста за значењето и ефектот од граѓанското учество. Општините можеби треба да размислат за стратегии во подобрувањето на транспарентноста и да најдат практични начини за полесно вклучување на граѓаните, особено оние кои сметаат дека немаат доволно време или ресурси за учество.



Со прашањето: „Доколку не сте учествувале и немате интерес за учество во процесите на донесување одлуки во Вашата општина, која е причината за тоа?“ се истражуваат причините зошто граѓаните не учествувале или не сакаат да учествуваат во процесите на донесување одлуки во нивната општина. На ова насочувачко прашање од претходно прашање „Дали сте учествувале или на некој начин придонеле во процесите на донесување одлуки во Вашата општина? Добиени се следниве проценти за секоја наведена причина од вкупно 130 одговори:

Никој од општината не го побарал моето мислење или ме контактирал со таа цел: 76.92%
Знам дека моето мислење нема да биде земено предвид или ќе нема некаков ефект врз одлуката на општината: 15.38%
Немам доволно време и/или ресурси за такви обврски: 3.85%
Не ме интересира политика: 2.31%
Прашањата за кои се барало моето мислење се споредни/безначајни: 1.54%
Друго: 0%

Ова покажува дека најголемиот дел од граѓаните кои не учествувале во процесите на донесување одлуки во нивната општина го навеле отсуството на иницијатива од страна на општината да ги вклучи во ваквите процеси како главна причина. Ова следува со **перцепцијата дека нивното мислење нема да има ефект на одлуките што се донесуваат**.

Одговорите на градоначалниците и советниците на прашањата поврзани со интересот на граѓаните за учество во процесите на одлучување откриваат комплексна слика која варира во зависност од контекстот на секоја општина.

„Постои недостаток на интерес за учество поради политизација на процесите.“ - Градоначалник на скопска општина.

„Иселените лица во градови и други места почнаа да се интересираат“ – Градоначалник на помала општина.

Градоначалниците укажуваат на варијабилен интерес меѓу граѓаните за учество во одлучувањето. Во одредени случаи, за одредени теми или кога се работи за специфични проекти кои директно ги засегаат, може да има зголемено интересирање и активно учество. Сепак, постои општа тенденција за пасивност, особено за помалку видливи или сложени прашања кои не предизвикуваат непосредни емоционални или практични реакции.

„Граѓаните покажуваат летаргија и не се мотивирани за учество поради односот на ЕЛС кон нив, сочинувајќи дека ЕЛС си имаат свои миленици за преку нив да прикажуваат учество“ – учесник на фокус-група, ГО од Југозападен регион,

„Иницијативите на граѓаните како „Битола на точак“ покажуваат обиди за учество во локалните процеси, иако често без видлив ефект“ - учесник на фокус-група, ГО од Пелагониски регион.

Некои од главните пречки кои градоначалниците ги идентификуваат за активното учество

на граѓаните вклучуваат недостиг на време, интерес или разбирање за процесите на локалното самоуправување. Додатно, недовербата во локалните власти и перцепцијата дека граѓанското учество не носи реална промена може дополнително да го намали интересот за учество.
Градоначалниците истакнуваат дека постои потреба од подобрување на комуникацијата меѓу локалните власти и граѓаните за да се зголеми интересот за учество. Ова вклучува презентирање на информациите на појасен и пристапен начин и користење на различни канали за комуникација за да се достигнат различните групи граѓани.

„Граѓаните се проактивни во учеството иако понекогаш нивните барања може да бидат упатени на погрешно место.“ **– Градоначалник на урбана општина од Источниот регион.**

Постои признание дека информираноста и подигањето на јавната свест играат критична улога во зголемувањето на активноста и интересот на граѓаните за учество во одлучувањето.
Перцепциите на градоначалниците за интересот на граѓаните да учествуваат во процесите на одлучување на локално ниво сугерираат дека постојат значителни можности за подобрување.

ПОСТОЕЧКИ АЛАТКИ ЗА УЧЕСТВО И НИВНА ЕФЕКТИВНОСТ

Оваа група на прашања се однесуваат проценка на различните постоечки алатки и методи од перспектива на граѓаните.
Анализата на прашањата ни дава увид во тоа кои алатки граѓаните ги користат за учество во процесите на донесување одлуки и каква е нивната перцепција за ефектот од нивното учество.
Околу алатките за учество изгледа дека одговорите се доста разновидни и специфични, со повеќекратно наведување на анкети како една од алатките што се користат за учество. Ова може да укажува на тоа дека анкетите се популарен метод за вклучување на граѓаните во процесите на одлучување. Сепак, други алатки, исто така, се споменати, вклучително и интернет форуми, социјални медиуми, јавни трибини, и присуство на седници на Советот на општината, што укажува на разноликост во начините на учество.
Анализата на одговорите на прашањето: „Доколку сте учествувале или би сакале да учествувате во процесите на носење на одлуки во Вашата општина, кој облик на учество од долунаведените сметате дека е најсоодветен за Вас?“ покажуваат дека испитаниците имаат интерес кон различни методи на учество. Одговорите рангирани според процентите се следните:

Јавни трибини: 13.06%
Анкети: 11.32%Присуство на седници на Советот на општината: 10.30%
Отворени денови на градоначалникот: 9.58%
Форум во заедницата: 8.99%
Референдум: 8.42%
Собир на граѓани: 7.98%
Социјални медиуми: 6.97%
Собир на месна и/или урбана заедница: 6.68%
Советодавни одбори: 5.52%
Општинска веб-страница: 5.22%
Интернет форуми: 4.79%
Друго: 1.16%

Ова покажува дека јавните трибини се најпопуларен облик на учество со 13.06%, следени од присуството на седници на Советот на општината со 10.30% и отворените денови на градоначалникот со 9.58%. Овие податоци укажуваат на тоа дека учесниците претпочитаат директни и интерактивни форми на учество каде што можат лично да учествуваат и да изразат свои ставови.

Анализата на ова прашање се базира на преференциите изразени за различните облици на учество, а не на точниот број на учесници кои одговориле затоа што понудена е можност за одговарање со повеќе опции.

Јавните трибини се најпопуларен облик на учество со 13.06%, следени од анкети (11.32%) и присуство на седници на Советот на општината (10.30%). Ова укажува на тоа дека **граѓаните сметаат дека директното учество и можностите за дијалог со општинските власти преку физички собири и анкети се најсоодветни за нивното учество во процесите на одлучување.**

Во однос на перцепцијата на ефективноста, на прашањето: „Преку кои алатки/инструменти сте биле вклучени во процесите на донесување на одлуки во Вашата општина?“, можеа да одговараат само оние кои одговориле позитивно на претодните прашања, по што имале можност да одговорат на ова насочено прашање. Тие наведуваат различни начини на вклучување:


Референдум: 2.42%
Собир на граѓани: 9.70%
Јавни трибини: 10.91%
Анкети: 13.33%
Интернет форуми/прашања и одговори на веб-страницата на општината: 7.27%
Форум во заедницата: 14.55%
Собир на месна/урбана заедница: 4.85%
Советодавни одбори: 6.06%
Отворени денови на градоначалникот: 5.45%
Социјални медиуми: 6.67%
Присуство на седници на Советот на општината: 9.09%
Петиции: 4.85%
Ниту една од горенаведените: 0.61%
Друго: 4.24%

Најпопуларниот инструмент за вклучување на граѓаните во процесите на донесување одлуки во нивната општина е форум во заедницата со 14.55%, следен од анкети со 13.33% и јавни трибини со 10.91%. Ова покажува дека граѓаните претпочитаат директна комуникација и платформи за ангажман каде што можат активно да учествуваат и да изразат свои ставови.

Граѓаните најмногу вреднуваат форми на учество кои овозможуваат директна комуникација и интеракција со донесувачите на одлуки, како што се форумите во заедницата, анкетите и јавните трибини. Ова покажува дека **постои силна потреба за механизми кои овозможуваат видлива двонасочна комуникација.**

Употребата на анкети како алатка за учество укажува на тоа **дека граѓаните сакаат да бидат консултирани и да даваат свој придонес кон одлуките на општината на начин кој е достапен и не бара значително време или ресурси**.

Иако интернет форумите и веб-страницата на општината заземаат помал дел од вкупните одговори, нивната употреба сугерира дека постои простор за подобрување на онлајн платформите за вклучување на граѓаните.



Општините треба да инвестираат во организирање и промовирање на **повеќе форуми во заедницата и јавни трибини за да се зголеми учеството на граѓаните во одлучувањето**.

За да се задоволат потребите на поширок спектар на граѓани, **општините треба да развијат и подобрат онлајн платформи за учество**, вклучувајќи подобрување на интернет форумите и социјалните медиуми како алатки за ангажман.

Општините треба да ги користат анкетите како стандарден инструмент за собирање на мислења и приоритети од граѓаните, особено при разработка на политики и програми кои директно влијаат на нивниот живот.

Покрај зголемувањето на видливоста, општините треба да обезбедат дека информациите за отворените денови и седниците се лесно достапни и да ги охрабрат граѓаните активно да учествуваат.

Општините треба да бидат отворени за идеи и предлози од граѓаните за нови и иновативни начини на учество, што може да вклучуваат технолошки решенија или алтернативни формати на собирање и дебатирање.

Анализирајќи ги одговорите на градоначалниците и советниците на специфичните прашања од оваа категорија, можеме да идентификуваме клучни теми кои се однесуваат на методите и алатките за консултација со граѓаните, како и на начините на подобрување на овој процес во различните општини.

Во однос на методите и алатките за консултација, градоначалниците користат комбинација од директни средби, јавни собири, месни заедници, социјални медиуми, и дигитални платформи за ангажман на граѓаните. Директната комуникација преку собири на граѓани и месни заедници е често спомената како ефикасен начин за добивање на непосреден фидбек од граѓаните и обезбедување на нивно учество во локалното одлучување. Социјалните мрежи и други онлајн алатки, исто така, се користат за достигнување до поширока публика и поттикнување на дијалог меѓу граѓаните и општината.

„Социјалните медиуми и директните средби се најефикасни методи за вклучување на граѓаните.“ – Градоначалник на урбана општина од југозападниот регион

„Собирите на граѓани се според мене најефикасен метод за консултација.“ – Градоначалник на рурална општина

„Собир на граѓани - соопштение на продавница социјални медиуми се начини на информирање"- советник од рурална општина.

„Се користат дигитални платформи и социјални медиуми за ефикасна комуникација и ангажман на граѓаните" – градоначалник на скопска општина

"Форуми, анкети, буџетски форуми – 4 форум – со бизнис сектор, со невладини, со урбани заедници и со советнички групи кои имаа свои барања" – градоначалник на урбана општина од Пелагонискиот регион

Како за други начини на комуникација/консултација, покрај традиционалните методи, некои општини имаат воведено иновативни пристапи, како што се дигитални платформи за пријавување проблеми или предлози, анкети и апликации кои овозможуваат поедноставено комуницирање со граѓаните. Овие дигитални алатки се покажаа како ефикасни за зголемување на транспарентноста и олеснување на процесот на добивање на граѓански влез.

Постојат повеќе позитивни примери за алатки кои ги користат општините, како што се:

„Мој општинар" е онлајн алатка е поврзана со службите на општината и функционира од декември 2017 и овозможува детектирање и решавање на проблемите на граѓаните на територијата на Кавадарци. Вклучува повикувачки центар и тесна поврзаност со Јавното претпријатие „Комуналец" за координирано дејствување.

„Систем 48" во Општина Струмица е алатка која им овозможува на граѓаните да ги пријавуваат локални проблеми преку телефон или онлајн апликации, со цел за брзо решавање на истите. „Систем 48" постои повеќе од 10 години во Струмица,

Онлајн апликација „мЗаедница": Оваа апликација е воведена во неколку општини и овозможува дигитализирано користење на локални услуги од страна на граѓаните. Овозможува пријавување на комунални проблеми, учество во решавањето на локални проблеми, и учество во креирањето на политики за заедницата.

Архивирање на барања од граѓаните во општините. Општините практикуваат архивирање на електронските барања од граѓаните, што помага во навремено и ефикасно адресирање на нивните потреби и барања.

Сепак, постои значителен простор за подобрување на ефективноста на алатките за учество на граѓанските организации во процесите на локално одлучување. Подобрувањето на комуникацијата, транспарентноста, како и воведувањето на иновативни дигитални решенија може значително да придонесе кон зголемување на ефективноста и квалитетот на соработката меѓу ГО и локалните самоуправи. Во регионите низ Македонија, граѓанските организации (ГО) се соочуваат со различни предизвици во соработката со локалните самоуправи, при што ефикасноста на постоечките алатки за учество значително варира. Од анализата на дискусиите во фокус-групите издвојуваме неколку клучни аспекти поврзани со постоечките алатки за учество и нивната ефективност.

Полошки регион - иако постојат меморандуми за соработка меѓу ГО и локалните власти, честопати тие се сметаат за формалност без реална имплементација. Ефективноста на соработката често зависи од личните врски, што укажува на недостиг на систематичен пристап кон инклузивноста во процесите на одлучување.

Скопски регион - различните општини во регионот покажуваат значителни разлики во посветеноста за воведување и користење на нови дигитални алатки за подобрување на соработката. Додека некои општини се отворени за иновации и имплементација на нови алатки, други се отпорни поради недостаток на капацитети.

Североисточен регион - постојат примери за успешна соработка каде што ГО и општините иницираат заеднички активности и проекти. Еден од успешните примери е воведувањето на електронски систем за комуникација меѓу граѓаните и советниците, што покажува дека ефикасноста може да се зголеми преку употреба на модерни технологии.

Вардарски регион - соработката во некои општини е пример за добра практика, каде што општините поддржуваат ГО преку обезбедување на ресурси и простории за нивната работа. Сепак, искуството варира и покажува дека за ефикасна соработка е потребен транспарентен процес и отвореност за дијалог со различните заинтересирани страни.

Источен регион - иако ГО се активни во иницирањето на соработка, се забележува недостаток на капацитети кај локалните самоуправи за разбирање и поддршка на нивните иницијативи. Непрофесионалноста и недостигот на знаење се чести пречки за ефективна соработка.


Југозападен регион - соработката често е зависна од индивидуални контакти и лични иницијативи. ГО се соочуваат со предизвици во комуникацијата со општините, особено кога се работи за посериозни прашања кои бараат суштинска поддршка и ресурси.

Пелагониски регион - во овој регион се истакнува недостатокот на капацитет во општините да ги разберат и поддржат барањата на ГО. И покрај постоењето на некои успешни иницијативи, често пати ГО се користат од општините за извршување на нивните задачи без вистинско вклучување во одлучувањето.

ЕФЕКТ ОД УЧЕСТВОТО НА ГРАЃАНИТЕ ВО ПРОЦЕСИТЕ НА ДОНЕСУВАЊЕ ОДЛУКИ

Оваа категорија е важна за мерење на влијанието на граѓанското учество на локалните политики и одлуки. Прашањата го истражуваат ефектот од учеството на граѓаните во процесите на донесување одлуки, вклучително и дали имало некаков ефект, и ако да, дали тој ефект е позитивен или негативен.

На прашањето: „Дали мислите дека вклучувањето на граѓаните во донесувањето одлуки има ефект?, можеа да одговараат директно сите учесници. Од нив со „да“ одговориле 75.48% кои веруваат дека вклучувањето на граѓаните во донесувањето одлуки има ефект, додека 9.62% мислат дека тоа нема ефект, односно, 14.90% не се сигурни дали вклучувањето на граѓаните има ефект или „не“.



На графиконот е прикажано мислењето на анкетираните за тоа дали вклучувањето на граѓаните во донесувањето одлуки има ефект. Мнозинството сметаат дека има ефект, со помал процент на оние кои не се согласуваат или се неодлучни. Ова покажува дека значително мнозинство од граѓани гледаат на граѓанската вклученост како на позитивен придонес кон процесот на донесување одлуки.

На прашањето: „Каков ефект има?“ анализата на податоците за ефектот на вклучувањето на граѓаните во донесувањето одлуки покажува дека 51.92% од граѓаните веруваат дека ефектот е позитивен, 0% од граѓаните мислат дека ефектот е негативен, а 6.73 % од граѓаните не се сигурни за ефектот.

Овие резултати јасно укажуваат дека мнозинство од граѓаните сметаат дека вклучувањето на граѓаните во процесот на донесување одлуки се перципира дека носи потенцијал за позитивен ефект на општеството. Ова го потврдува значењето и важноста на граѓанското учество во демократските процеси.

Податоците покажуваат дека мнозинството сметаат дека ефектот е позитивен, додека мал дел не се сигурни и нема одговори кои укажуваат на негативен ефект.

Анализата на податоците за ефектот од **личното учеството на граѓаните** во процесите на донесување одлуки во нивната општина преку прашањето: „Каков беше ефектот од Вашето учество во процесите на донесување одлуки во општината?“ покажува дека:


25% од граѓаните сметаат дека нивното учество имало позитивен ефект, односно имало промена на подобро.

17.78% од граѓаните веруваат дека нивното учество имало негативен ефект, односно имало промена на полошо.

1.44% од граѓаните сметаат дека нивното учество имало неутрален ефект или немало промена.

Графиконот прикажува ефектот од учеството на граѓаните во процесите на донесување одлуки во општината. Според добиените одговори, повеќето сметаат дека нивното учество


имало позитивен ефект (имаше промена на подобро), додека мал процент забележал негативен ефект (имаше промена на полошо), и значителен дел од анкетираните веруваат дека нивното учество не донело промена или ефектот бил неутрален.



Повеќето граѓаните гледаат на своето учество во локалните процеси на донесување одлуки како на нешто што има позитивен ефект, додека значителен дел смета дека нивното учество не довело до значителни промени. Ова укажува дека учеството е формално и не предизвикува значајна граѓанска вклученост на локално ниво.

Факторите што придонесуваат кон учеството на граѓаните во процесот на донесување одлуки рангирани по големина на нивната просечна вредност, со највисоката вредност на врвот, се добиени од одговорите на прашањето: „Со оценка од 1 до 5 оценете во колкава мера секој од долунаведените фактори придонесува за Вашето учество во процесот на донесување одлуки на општинско ниво? (1-најмалку, 5- најмногу)“:

Важноста на темата/прашањето кое ќе се дискутира: 3.94
Слободно време на располагање: 3.25
Присуството на градоначалникот/советниците: 3.22
Лична покана од општината/градоначалникот: 3.21
Близината на местото на кое се одржува настанот: 2.72
Условите во самото место (пријатно, удобно, топло/ладно): 2.56
Друштвото на пријателите/роднините: 2.31
Обезбеден превоз до местото на настанот: 2.15
Наредба од надредениот/партијата: 1.52



Анализата на резултатите од ова прашање укажуваат дека важноста на темата/прашањето кое ќе се дискутира е најважниот фактор што придонесува кон учеството на граѓаните, со највисока просечна оценка од 3.94. На спротивната страна, наредбата од надредениот/партијата е факторот со најниска просечна вредност (1.52), што укажува дека има најмало влијание врз мотивацијата на граѓаните да учествуваат во процесите на донесување одлуки.

Анализирајќи ги одговорите на претставниците на локалните власти, можеме да заклучиме дека има различни перцепции за ефектите од вклучувањето на граѓаните во процесите на одлучување и влијание на политиките на локално ниво.

Градоначалниците генерално ги ценат ефектите од граѓанското учество како позитивни и корисни за општините. Тие наведуваат дека вклучувањето на граѓаните обезбедува вредни увиди и предлози кои можат да придонесат кон подобрување на локалните услуги, развој на заедницата и спроведување на проекти кои директно ги адресираат потребите и приоритетите на граѓаните.

***„Директната комуникација и форумите во заедницата се успешни примери за вклучување на граѓаните во одлучувањето“* – Градоначалник од Вардарскиот регион.**

Некои градоначалници истакнуваат дека директната комуникација со граѓаните преку јавни собири, анкети и дигитални платформи е најефикасен начин за постигнување на оваа вклученост, но основата на ефективната соработка според нив е директната комуникација. Организирањето на форуми во заедницата, особено оние поддржани од меѓународни организации, е истакнато како ефикасен механизам за вклучување на граѓаните во одлучувањето и идентификување на локални приоритети.

Исто така, соработката со невладини организации и групи, вклучително и маргинализираните, за реализација на проекти кои ги адресираат нивните потреби и интереси, е препознаена како клучна за успешното вклучување на граѓаните во локалното управување.

Градоначалниците споделија различни практики кога станува збор за финансирање на активностите за консултации со граѓаните. Средствата обично се издвојуваат од буџетите на општините, алоцирани специфично за оваа цел или преку општи буџетски линии наменети за граѓанско учество и развој на заедницата. Постојат разлики во обемот на средства што се издвојуваат, со различни големини на буџети во зависност од големината на општината и достапните ресурси. Пандемијата на COVID-19 во некои случаи предизвикала промени во финансирањето, со прилагодувања на буџетот во однос на зголемената потреба за дигитални алатки и платформи за консултација.

Кога станува збор за распределбата на средства за граѓанските организации, многу општини имаат формализирани процедури кои обезбедуваат транспарентност и праведност во процесот. Овие процедури често вклучуваат јавни повици и оценување на предложените проекти од страна на граѓанските организации според утврдени критериуми. Во однос на финансирањето на спортски здруженија во споредба со другите здруженија, соодносот на средствата варира, при што некои општини издвојуваат значително повеќе средства за спорт во споредба со култура или граѓанско учество, додека други се обидуваат да обезбедат балансирана поддршка за сите видови активности.

Финансирањето и распределбата на средства за активности и организации кои поддржуваат граѓанско учество и консултации се клучни елементи за ефективно ангажирање на граѓаните во локалното управување и одлучување.

Сепак, во практика, градоначалниците се соочуваат со различни предизвици кои можат да влијаат на ефективноста и ефектите од граѓанското учество. Меѓу нив се бројат недостигот на ресурси, политичката поларизација, и недоволно информирани и активни граѓани. Тие, исто така, наведуваат дека постои потреба од зголемување на транспарентноста и подобрување на комуникацијата со граѓаните за да се зголеми нивното учество и влијание на локалните одлуки.

Градоначалниците сметаат дека граѓанското учество е суштинско за развојот на локалните заедници и дека успешните механизми за вклучување можат значително да придонесат кон подобрување на квалитетот на живот на граѓаните.

Во исто време, тие признаваат дека постојат предизвици и дека е потребен континуиран напор за подобрување на постојните практики и воведување на нови начини за

засилување на учеството и дијалогот со граѓаните.
Во споредба со општинските власти, организациите на граѓанското општество, недржавните чинители и граѓаните изразуваат порезервирани чувства кон ефикасноста и ефективноста на постоечките механизми за учество на граѓаните.
Иако постојат механизми како буџетски форуми и јавни трибини, често пати истите се сведуваат на формалности без вистинска моќ на граѓаните да влијаат на одлуките.
Директните средби и собирите во месните заедници се исто истакнати како најефикасниот начин за комуникација и од ГО и недржавните чинители. Ова потврдува дека личниот контакт и вниманието кон граѓаните играат значајна улога во градењето на доверба и активно учество.
Постојат и конкретни позитивни примери, како што се:

Инклузива од Куманово, член на Совет за социјална заштита, работи со лицата со посебни потреби и е пример за успешно влијание на локалните политики кои ги подобруваат условите за оваа група.
Во Југозападниот регион, Рурална коалиција од Кичево развила програма за женско економско јакнење во соработка со општина Дебар, што придонесува кон економското оспособување на жените.
Проекти и иницијативи на ГО во Североисточниот регион се вклучени во програмски документи на општината, како приоритети во програмата на Советот за социјална заштита, што директно влијае на локалните политики.
Момче од Штип само изработило апликација за возен ред за јавниот превоз, која потоа била прифатена и воведена од општината, покажувајќи дека креативните решенија од заедницата можат ефективно да се интегрираат во локалните услуги.
Во Источниот регион, ГО користат Viber community за подобра комуникација со граѓаните, што довело до зголемување на транспарентноста на општините при споделување информации и активности.
Во Вардарски регион, споменато е дека во Кавадарци е формиран младински центар во соработка меѓу ГО и локалната самоуправа, кој обезбедува простор и ресурси за активности и програми насочени кон младите. Ова партнерство не само што овозможува поддршка за младите, но и ја зголемува нивната вклученост во заедницата.
Во истиот регион, исто, споменато е дека во Велес е воведено возило за превоз на лица со телесен инвалидитет, што е директен резултат на соработката и придонесот на ГО кон подобрување на пристапот до јавни услуги за лица со посебни потреби.
Во Пелагониски регион, ГО иницирале граѓанска иницијатива за изградба на водовод во село Дреновци, што успешно ги подобрило условите за живот на мештаните. Ова покажува дека учеството на ГО може да има значителен ефект во решавањето на конкретни локални проблеми.
Во Североисточниот регион, соработката меѓу ГО и општините довела до успешни проекти како што се чистењето на снег во Липково со помош на волонтери и општинска механизација,

Позитивно искуство е забележано со општинските форуми каде што граѓаните активно учествуваат во одредувањето на приоритетите на општината. Ова укажува на потребата од развој на инклузивни платформи за дијалог меѓу општините и нивните граѓани.

Сепак, постојат проблеми со мобилизацијата на граѓаните за учество на седниците на советот и во други форми на учество. Често пати, граѓаните се активни само кога се засегнати директно, што укажува на потребата од подобрување на информираноста и мотивацијата на граѓаните за поголемо учество.

Се чини и дека повеќето советници не се многу заинтересирани за консултација со поширокото граѓанство и се држат до остварување комуникација и прибирање на интересите на партиското членство. И самите граѓани не ги сметаат советниците за релевантни чинители во процесот на донесување одлуки во општината и покрај тоа што формално правно тие се оние кои ги носат одлуките. Перцепцијата на граѓаните и недржавните чинители е дека градоначалниците го имаат главниот збор при носењето одлуки.

Иако медиумите играат клучна улога во информирањето на граѓаните за општинските активности, тие се соочуваат со предизвици при обидите да добијат информации и изјави од општините, при што постои отпор кон отворената комуникација. Се наведува дека не секогаш се покриваат сите седници и активности затоа што медиумите немаат капацитет да стигнат секаде и се потпираат на информациите од општините, но на тој начин, отсуствува другата страна во информацијата. Од друга страна, се нагласува и дека во одредени региони, референдумите иницирани од ГО немало да бидат успешни без поддршката од медиумите. Ова сугерира дека подобрената медиумска покриеност и употребата на дигитални платформи може значително да го зголеми нивото на транспарентност и граѓанско учество.

Деловниот сектор има коректна соработка со општините, но тоа важи за основни работи (на пр. собирање отпад) додека за посериозни прашања оди потешко. Некои од процесите во општините, од интерес на секторот, се одвиваат пребавно (на пр. донесувањето урбанистички планови или водоснабдувањето) што директно влијае на бизнисот. Информациите се добиваат преку лични познанства со лица од општината, а организираните форми на соработка (ЛЕСС или бизнис клубови) поретко се активни и успешни.

Иако постојат напори за зголемување на учеството на граѓаните во локалните одлуки, сè уште постојат значајни предизвици за суштинско учество. Недостатокот на квалитетно учество, потребата од подобрување на комуникациските канали, и потребата од поефективно користење на медиумите и дигиталните платформи за информирање и ангажирање на граѓаните се клучни области каде што може да се направат значителни подобрувања.

НАУЧЕНИ ЛЕКЦИИ ОД КОВИД 19

Пандемијата на КОВИД-19 имаше значајно влијание на секој аспект од општествениот живот, вклучувајќи ги и локалните процеси на одлучување и граѓанското учество. Од моментот кога беше прогласена во раните месеци на 2020 година, КОВИД-19 предизвика непредвидени предизвици пред општествата насекаде во светот, принудувајќи ги локалните и националните власти да се адаптираат на новите реалности брзо и ефикасно. Еве неколку клучни аспекти на влијанието на КОВИД-19 на граѓанското учество и локалните процеси на одлучување:

Со ограничувањата за физичко дистанцирање и зголемената потреба за останување дома, дигиталните платформи станаа основен начин за комуникација меѓу властите и граѓаните. Оваа состојба го забрза процесот на дигитализација и понуди нови можности за граѓанско учество преку виртуелни средби, онлајн анкети и дебати.

Здравствената криза и економските последици ставија нови предизвици пред локалните власти, со што се промениja приоритетите во одлучувањето. Процесите на одлучување мораа да се адаптираат кон итни потреби, како што се здравствената заштита и социо-економската поддршка на погодените граѓани.

Властите на локално ниво мораа да покажат голема флексибилност и способност за адаптација за да одговорат на брзо менувачките услови. Ова вклучува и брзо воведување на нови политики и протоколи за заштита на здравјето и економијата.

Пандемијата, исто така, го засилила барањето за транспарентност и отчетност од страна на властите во однос на нивните одлуки и начините на трошење на јавните средства. Граѓаните бараат прецизни информации и одговори на нивните прашања во врска со управувањето со кризата.

Граѓанското учество доби нова димензија со фокус на здравствени и безбедносни прашања. Граѓаните и групите на граѓанско општество беа активно вклучени во распределбата на хуманитарна помош, промоција на здравствените протоколи и поддршка на загрозените групи во општеството.

Пандемијата на КОВИД-19, исто така, откри некои критични слабости во системите на граѓанско учество и локално одлучување, укажувајќи на потребата за поотпорни и адаптивни механизми кои можат да се справат со идни кризи.

„За време на Ковид кризата повеќе користевме стратегиски комуникации додека општинарите не одеа на работа, немаше комуникација и во принцип немаше голема разлика во нивното работење.“ – учесник на фокус-група, ГО од Југоисточен регион.

КЛУЧНИ НАОДИ

Постои значајна разлика во степенот на учество меѓу различните демографски групи во процесите на донесување одлуки на општинско ниво. Одредени групи се поактивно вклучени или подобро информирани за можностите за учество во споредба со други и тоа првенствено врз основа на:

Политичка припадност - лицата со активна политичка припадност или интерес се повеќе мотивирани и подобро информирани за учество во локалните општински процеси. Тие имаат подобар пристап до информации преку своите мрежи или политички партии, што може да ги поттикне да учествуваат повеќе во одлуките на општинско ниво.

Губење на линијата помеѓу партиската и јавната сфера - особено во контекст на учеството во процесите на донесување одлуки. Постои видлив тренд каде консултациите со граѓаните, преку месни заедници и различни јавни собири, понекогаш се користат во контекст кој не овозможува јасна поделба меѓу она што претставува партиско влијание и што се смета за автентично јавно учество. Ова може да доведе до ситуации каде одлуки кои треба да бидат исклучиво во интерес на јавноста, ненамерно или намерно, се под директно влијание на партиските интереси.

Користење на дигитални алатки - поединците кои активно користат дигитални алатки и социјални медиуми се подобро информирани за можностите за учество. Дигиталната писменост и пристапот до интернет може да овозможат полесен пристап до општински информации, анкети, и платформи за учество, што ги прави овие групи потенцијално поангажирани.

Образование и возраст - лицата со повисоко образование често имаат подлабоко разбирање за значењето и важноста на граѓанското учество и може да се чувствуваат повеќе одговорни да придонесат кон својата заедница. Слично, возрасните групи може да имаат различни степени на учество во споредба со помладите генерации, со потенцијални разлики во интересите и начините на учество.

Социоекономски статус – поединците со повисок социоекономски статус имаат повеќе ресурси и време да учествуваат во општински процеси. Тие, исто така, можат да имаат повеќе канали на влијание и да бидат повеќе мотивирани да ги користат своите ресурси за да придонесат кон заедницата.

Географска локација - постојат и географски разлики во учеството, каде што жителите на урбаните области имаат различен пристап и можности за учество во споредба со оние во руралните области. Еве неколку клучни разлики:

Пристап до информации. Жителите на урбаните области обично имаат подобар пристап до информации преку разновидни медиуми и технологии. Во руралните области, недостатокот на широкопојасен интернет и ограничените медиумски извори може да го отежнат пристапот до актуелни информации за општинските иницијативи.

Можности за учество. Урбаните области често нудат повеќе платформи и места за учество, како што се јавни собири, работилници и средби со општински претставници. Руралните области може да се соочуваат со ограничувања поради поголемата географска далечина и помалку организирани можности за учество.

Дигитално учество. Пандемијата на COVID-19 го забрза преминот кон дигитални форми на учество. Додека ова претставува можност за урбаните жители со лесен пристап до интернет, во руралните области останува предизвик поради ограничената дигитална инфраструктура и дигитална писменост.

Организирано застапување. Урбаните области често имаат поголем број на организирани групи, вклучително и НВО, кои можат да фасилитираат учество и застапување. Во руралните области, граѓаните може да зависат повеќе од индивидуални иницијативи или помали локални групи.

Специфични локални прашања. Типот на прашањата кои ги мотивираат граѓаните да учествуваат може да се разликува според географската локација. Урбаните жители може да бидат фокусирани на теми како урбанистичко планирање и јавен транспорт, додека руралните жители може да се фокусираат на прашања како земјоделството, пристапот до основни услуги и одржување на локални патишта.

Квалитетот и достапноста на информациите што општините ги обезбедуваат на граѓаните може значајно да влијаат на нивната способност и волја да учествуваат во општинските процеси. Поефективните канали на комуникација го подобруваат граѓанското учество. Одделните групи различно се ангажираат:

Младите и дигитално писмените. Овие групи често користат интернет и социјални медиуми како главен извор на информации. Ако општините активно користат дигитални платформи за комуникација и ангажирање, младите и дигитално писмените граѓани може да бидат потенцијално поангажирани заради полесен пристап до релевантни информации.

Бизнис учество во локалното одлучување. Бизнисите, особено оние кои се значајни работодавачи во општината, имаат индиректни релации за директно и неформално комуницирање со општините и тие би требало да го зголемат својот интерес да учествуваат во општинското одлучување на редовна основа. Ова може да вклучува учество во јавни консултации, работни групи или совети кои се занимаваат со економски развој.

Активни членови на заедницата и НВО. Лица кои веќе учествуваат во активности на заедницата или се членови на невладини организации може да бидат поангажирани затоа што тие активно бараат информации за локални иницијативи и можности за учество. Оваа група може да биде подобро информирана и мотивирана да придонесува кон одлуките на општинско ниво.

Граѓани со високо образование и професионалци. Поединци со повисоко образование или оние кои се во професии кои бараат критичко размислување и анализа може да бидат посклони кон ангажман во локалните општински активности, бидејќи тие имаат тенденција да ги вреднуваат информациите и да сакаат да придонесат кон подобрување на своите заедници.

Граѓани со пристап до локални медиуми. Лица кои редовно следат локални медиуми (традиционални или онлајн) се подобро информирани за општинските настани и иницијативи и потенцијално поангажирани во процесите на донесување одлуки поради подобро разбирање на локалните прашања.

Граѓани во урбани наспроти рурални области. Граѓаните во урбаните области може да имаат различен степен на ангажман во споредба со оние во рурални области, делумно поради различниот пристап до информации. Урбаните жители може да имаат подобар

пристап до дигитални алатки и локални медиуми, додека граѓаните во рурални области може да зависат повеќе од традиционални методи на комуникација.

Подобрувањето на перцепцијата на граѓаните за ефективноста на постоечките механизмите за учество може да има значително влијание за нивната идна вклученост. Ако граѓаните веруваат дека нивните придонеси ќе имаат реален ефект, тие можеби ќе бидат повеќе мотивирани да учествуваат. Перцепцијата за ефективност од учеството се зголемува преку,

Граѓани кои претходно имале позитивно искуство. Поедниците кои во минатото имале позитивно искуство со учество во општински иницијативи и чиј придонес е видливо прифатен или вреднуван може да бидат повеќе мотивирани да продолжат да учествуваат. Позитивните искуства може да ги поттикнат да веруваат во ефикасноста на граѓанското учество.

Активисти и членови на НВО. Лицата кои се активно ангажирани во невладини организации или активистички групи може да бидат повеќе мотивирани да учествуваат затоа што тие се посветени на промена и веруваат во моќта на колективното дејствие на локално ниво. Оваа група обично има висока перцепција за потенцијалната ефикасност на нивното учество.

Граѓани кои се соочиле со конкретни проблеми. Граѓаните кои директно се соочиле со проблеми или предизвици во нивната заедница може да бидат повеќе мотивирани да учествуваат во надеж дека ќе придонесат кон нивно решавање. Личното искуство за конкретни прашања може значително да ја засили нивната перцепција за ефективноста на учеството.

Образовани и информирани граѓани. Лица со високо ниво на образование или оние кои активно бараат информации и се добро информирани за локалните прашања може да имаат повеќе развиена свест за значењето на нивното учество. Оваа група може да верува дека нивните образовани и информирани мислења може да придонесат кон подобри одлуки на општинско ниво.

Граѓани со силно чувство на заедница. Лица кои чувствуваат силна припадност кон својата заедница и се посветени на нејзиното подобрување може да бидат повеќе мотивирани да учествуваат. Оваа група го гледа учеството како дел од нивната одговорност кон заедниците и веруваат дека нивните придонеси може да направат разлика.

Постојат значајни разлики во практиките и иницијативите за граѓанско учество меѓу различните општини. Транспарентните и инклузивни практики не само што го зголемуваат нивото на граѓанско учество, туку исто така ја засилуваат довербата меѓу граѓаните и општинските власти, создавајќи поповолна атмосфера за заедничка соработка и развој на заедниците. Општините кои применуваат повеќе транспарентни и инклузивни практики обично овозможуваат подобро учество на граѓаните во процесите на одлучување, преку:

Отворени седници на Советот - практика каде седниците на општинскиот совет се отворени за јавноста, со можност за директно следење или преку интернет трансмисија, овозможува поголема транспарентност и поттикнува граѓанско учество.

Платформи за е-учество - развој на дигитални платформи кои овозможуваат граѓаните да даваат предлози, да коментираат на предлози од општината, и да гласаат за одредени иницијативи, ја зголемуваат инклузивноста и активното учество.

Јавни консултации и работилници - организирање на редовни јавни консултации и работилници на кои граѓаните можат да учествуваат во раните фази на планирање и одлучување за локални проекти и политики.

Граѓански буџети - воведување на механизми како што се граѓански буџети, каде граѓаните имаат улога во одлучувањето како општината треба да ги троши своите финансии, специјално за одредени проекти или иницијативи.

Пристап до информации - општините кои активно објавуваат информации за своите активности, планови, буџети и одлуки, и тоа на лесно достапен и разбирлив начин, ја подобруваат транспарентноста и го олеснуваат граѓанско учество.

Механизми за повратна врска - развој на системи преку кои граѓаните можат лесно да даваат повратни информации на општината за различни прашања, вклучително и механизми за жалби и предлози.

Улога на локалните медиуми и НВО - соработка со локални медиуми и невладини организации за да се зголеми информираноста и ангажираноста на граѓаните во општинските процеси.

Пандемијата на COVID-19, имала значајно влијание на механизмите и можностите за граѓанско учество, со префрлање кон повеќе дигитални форми на учество. Ваквата трансформација претставува и предизвик и можност за општините да ги адаптираат и подобрат своите стратегии за вклучување на граѓаните. Некои од клучните дигитални форми на учество кои се истакнаа за време на пандемијата вклучуваат:

Виртуелни седници и јавни состаноци, преку платформи како Zoom, Microsoft Teams, или Webex, општините организираа седници на советите и јавни состаноци на кои граѓаните можеа да учествуваат од далечина. Ова овозможи континуитет во учеството дури и кога физичкото собирање беше ограничено.

Онлајн платформи за е-учество, развојот на специјализирани онлајн платформи кои овозможуваат граѓаните да поднесуваат предлози, да гласаат за локални иницијативи, и да даваат обратна информација за плановите и проектите на општината. Овие платформи ги зголемија можностите за широко учество.

Дигитални алатки за обратна информација, воведување на апликации и веб-сајтови каде граѓаните можат директно да пријавуваат проблеми (како што се дупки на патиштата, осветлување, отпад), што ги прави општинските услуги повеќе реактивни и отворени кон потребите на граѓаните.

Социјални медиуми за ангажман и информирање, во времето на Ковид-19 кризата се интензивира користењето на социјалните медиуми од страна на општините за да се информираат граѓаните за актуелни прашања, да се споделат важни информации и да се поттикне дијалог и учество во онлајн просторот.

Дигитални анкети и истражувања, спроведување на онлајн анкети и истражувања за собирање на мислења и перцепции од граѓаните во врска со различни локални прашања, што овозможува брзо и ефективно собирање на податоци за подобрување на политиките и услугите.

Иако преминот кон дигитални форми на учество нуди значителни можности за зголемување на граѓанското ангажирање, тој исто така, поставува предизвици поврзани со дигиталната писменост, пристапот до технологија и интернет, како и со потребата за заштита на приватноста и безбедноста на податоците. Општините мора да работат на тоа

да ги адаптираат и подобрат своите стратегии така што ќе бидат инклузивни и достапни за сите граѓани, со цел да се осигура дека сите сегменти на населението можат ефективно да учествуваат во локалното одлучување.

Постои значителен простор за градењето на партнерства со останатите чинители на локално ниво, што е клучно за успешното спроведување на политиките и проектите кои целат кон општото добро на заедницата. Вклучувањето на различни засегнати страни може да понуди широка перспектива и ресурси кои можат значително да го подобрат квалитетот и ефективноста на локалните иницијативи преку:

Вклучување на локалните бизниси и индустријата, постои значителен простор за соработката со локалните бизниси за подобрени економски и технички ресурси во заеднички проекти. Ова може да вклучува поддршка за локални настани, инвестиции во заедничка инфраструктура, или партнерства за развојни програми.

Партнерства меѓу јавниот и приватниот сектор, општините да соработуваат со локални бизниси на проекти кои ја подобруваат инфраструктурата, јавните услуги или локалната економија. Таквите партнерства не само што ги зголемуваат можностите за бизнисите, туку и придонесуваат кон подобрување на квалитетот на живот во заедницата.

Влијание на регулативните политики, бизнисите може да бидат посебно мотивирани да учествуваат во дискусиите за локалните регулативи и политики кои директно ги влијаат нивните операции. Активното ангажирање може да помогне во обликувањето на политики кои ја поддржуваат бизнис климата, додека истовремено ја заштитуваат заедницата и животната средина.

Дигитализација и иновации, општините можат да промовираат дигитализација и иновации за да создадат поволна средина за бизнисите да растат и да се развиваат. Ова вклучува поддршка за стартапи, развој на технолошки паркови и обезбедување на ресурси за дигитална трансформација.

Соработка со невладини организации (НВО) и граѓански организации, НВО и граѓански организации често имаат специфични знаења и искуства во одредени области како што се животната средина, социјална правда, и културно наследство. Тие може да придонесат кон дизајнот и имплементацијата на проекти, како и да помогнат во мобилизацијата на заедницата.

Развој на мултисекторски форуми и работни групи, создавањето на платформи каде што различни локални чинители можат да се сретнат, дискутираат и планираат заеднички активности е клучно за градење на силни и трајни партнерства. Ова овозможува сите заинтересирани страни да дадат придонес и да се чувствуваат дел од процесот на одлучување.

Градењето на партнерства со останатите чинители на локално ниво не само што ја зголемува капацитетот за реализација на проекти, туку исто така го зголемува чувството на заедништво и сопственост кај граѓаните, што е основа за одржлив развој на локалната заедница.

МОЖНОСТИ ЗА ПОДОБРУВАЊЕ

Ниска подготвеност на општините за вклучување на граѓаните, граѓаните дале просечна оценка од 2.34 за подготвеноста на општините да ги вклучат во процесите на донесување одлуки, што укажува на недоволна подготвеност и активност на

општините во овој аспект.

Ограничено вклучување преку директна комуникација, голем процент од испитаниците изјавиле дека не се вклучени во процесите на донесување одлуки или дека општината не ги контактира за да го споделат своето мислење.

Потреба за подобрување на методите на вклучување, иако постојат различни методи на вклучување како јавни трибини, социјални медиуми, и анкети, резултатите укажуваат дека, постои потреба за подобрување на методите во насока тие да бидат полесно применливи.

Постоечката практика на вклучување, иако општините имаат различни методи за вклучување на граѓаните во процесите на донесување одлуки, постои особено изразен недостаток на конзистентност и ефективност во нивното спроведување. Граѓаните често чувствуваат дека не се доволно информирани или вклучени во критичните одлучувања.

Интересите и приоритетите на граѓаните, постои јасен интерес кај граѓаните за учество во одлучувањето што се однесува на комунални и урбанистички развој, заштита на животната средина, и социјални и младински политики. Ова укажува на потребата за поголема фокусираност на овие области при планирањето на консултативните активности.

Значителна незаинтересираност за учество, висок процент на граѓаните изразиле незаинтересираност или недостаток на учество во процесите на донесување одлуки на општинско ниво. Ова укажува на потребата за подобро вклучување и активација на граѓаните во демократските процеси.

Причини за незаинтересираност, најчести причини за незаинтересираноста вклучуваат недостаток на време, ресурси, или верување дека нивното мислење нема да биде земено предвид. Исто така, значителен дел од граѓаните изјавиле дека не се чувствуваат доволно информирани или поканети да учествуваат.

Форумите во заедницата, анкетите и јавните трибини се најпопуларните методи за учество, што укажува на висока вредност на директната комуникација и интеракција меѓу граѓаните и донесувачите на одлуки.

Граѓаните сметаат дека анкетите се важен инструмент за изразување на нивните мислења и приоритети, што укажува на потребата од општините да ги користат анкетите како стандарден механизам за консултирање на граѓаните.

Постои потенцијал за подобрување на онлајн платформите за учество, како што се интернет форуми и социјални медиуми, што може да ги зголеми можностите за учество на широк спектар на граѓани.

Потенцијал за позитивен ефект од суштинско учество, мнозинство од анкетираните верува дека суштинското вклучувањето на граѓаните во донесувањето одлуки има потенцијал да предизвика позитивен ефект. Ова покажува дека граѓаните сметаат дека нивното позначајно учество може да придонесе кон подобри одлуки и позитивни промени во нивната заедница.

Граѓанското учество се смета за важно за локалното управување - Мнозинството од граѓаните гледаат на граѓанското учество како на позитивен придонес кон локалното одлучување, што укажува на висока вредност што граѓаните ја стават на своето учество.

Постои потреба за зголемување на ефикасноста и видливоста на граѓанската вклученост - Иако повеќето граѓани сметаат дека нивното учество има потенцијал за позитивен ефект, сè уште постои потреба за подобрување на механизмите за вклучување за да се зголеми ефикасноста и видливоста на нивните придонеси.

БИБЛИОГРАФИЈА

1. Анализа на постоечките практики на користење на механизмите за консултација со граѓаните во креирањето на локалните политики и нивната ефикасност [Електронски извор] / [Кристина Хаџи-Василева]. - Штип: Фондација за развој на локалната заедница, 2017;
2. Закон за локална самоуправа, 2002 „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 5/2022 од 29 јануари 2002 година;
3. Закон за референдум, - (“Сл. весник на РМ“ бр.81/2005); Одлука на Уставниот суд на Република Македонија У.бр.195/2005 од 21 и 22 декември 2005 година, (Сл. весник на РМ бр.81/2005 бр.3/2006);
4. Извештај за оценка на спроведувањето на Законот за локалната самоуправа- Министерство за локална самоуправа, април 2020/Анализа на постоечките практики на користење на механизмите за консултација со граѓаните во креирањето на локалните политики и нивната ефективност - Фондација за развој на локалната заедница Штип, 2017;
5. Законот за изменување и дополнување на Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа („Службен весник на РСМ“ бр.173/22);
6. Закон за Буџети („Службен весник на РСМ“, бр. 203 од 19.9.2022 година);
7. Закон за извршување на буџети („Службен весник на РСМ“, бр. 282 од 27.12.2022 година);
8. Закон за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на РСМ“, бр. 101 од 22.15.2029 година);
9. Правна анализа на предложените измени на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер - ОБСЕ, 2018;
10. Кодекс за транспарентност на локално ниво, УСАИД, септември, 2022 година;
11. Индекс на активна транспарентност 2023 - Фондација - Отворено општество и Центар за граѓански комуникации, јули 2023 година;
12. Проценка на доброто управување во единиците на локалната самоуправа во Република Северна Македонија преку индексот на отвореност - Фондација Метаморфозис, август 2022;
13. Програма за одржлив локален развој и децентрализација 2021-2026 година - Министерство за локална самоуправа;
14. Закон за рамномерен регионален развој („Службен весник на РСМ“, бр. 24 од 29.01.2021 година);
15. Стратегија за регионален развој на РСМ - 2021-2031 година;
16. Регионални форуми на заедницата алатка за идентификација, приоретизирање и подготовка на проекти за финансирање од МЛС и БРР-БРР, 2020;
17. Индекс на одржливост на граѓанското општество за Северна Македонија во 2021 година, УСАИД, ФХИ 360;
18. Мисија на ОДИХР за набљудување на избори Конечен извештај од Локални избори 17 и 31 октомври, 2021 година;
19. Ревидиран извештај за спроведените избори за членови на Советите на општините и Советот на град Скопје и градоначалници на општините и Градоначалник на град Скопје - Државна изборна комисија/ https://rb.gy/pkjuo;
20. Изборен Законик, март 2024, https://drive.google.com/file/d/1ZJMruqcNI-yC5VuWSzpfT9BFeKphm5An/view (пристапено 5 април 2024);
21. Граѓанското учество во Република Северна Македонија 2020-2022 - Фондација Отворено општество – Македонија;
22. Граѓаните и нивните заедници: Граѓанското учество, активизмот и волонтерството во Р. Македонија - ФООМ, Реактор- Скопје, 2016;
23. Граѓанското учество во Република Северна Македонија со дополнителен осврт на пандемијата со Ковид-19 - Фондација - Отворено Општество, Реактор, Центар за граѓански комуникации, Евротинк, 2021;
24. Извештај од истражувањето на јавното мислење за задоволството на граѓаните од локалните услуги - УНДП, Индаго, септември 2022;
25. Граѓанско учество и ЕУ перспективи: Анализа на јавното мислење – Реактор- Истражување во акција, 2021.

CIP - Каталогизација во публикација Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје

323.21:352.077(497.7)"2023"(047.31)
061.2:352.077(497.7)"2023"(047.31)

ИСТРАЖУВАЊЕ за механизмите на граѓанско учество / Кристина Хаџи-Василева... [и др.]. - Штип : Фондација за развој на локалната заедница, 2024 (Штип : Мотив Плус). - 60 стр. : илустр. ; 24 см

Фусноти кон текстот. - Останати автори: Елена Тимчева, Александар Колекески, Кристијан Панев. - Библиографија: стр. 58

ISBN 978-608-4886-07-5

1. Хаџи-Василева, Кристина [автор] 2. Тимчева, Елена [автор] 3. Колекески, Александар [автор]
а) Граѓанско учество -- Механизми -- Локална самоуправа -- Македонија – 2023 -- Истражувања

COBISS.MK-ID 63826693

2023

ИСТРАЖУВАЊЕ ЗА МЕХАНИЗМИТЕ НА ГРАЃАНСКО УЧЕСТВО

Проектот е финансиран од Фондацијата Отворено општество – Македонија“. „Содржината е единствена одговорност на авторите и Фондацијата за развој на локалната заедница – Штип, и на ниту еден начин не може да се смета дека ги изразува гледиштата и ставовите на Фондацијата Отворено општество - Македонија“.

www.frlz.org.mk
www.zaedno.frlz.org.mk
www.recikliraj.mk
frlz.shtip
frlz.org
ФРЛЗ ШТИП/LCDF Shtip
info@frlz.org.mk